***МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА***
*www.mrt.com.mk*

# *ПРЕДЛОГ ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2026*

*Септември, 2025*

ЈРП Македонската радио телевизија, како јавен сервис во Република Северна Македонија и активна членка на Европската радиодифузна унија од 1993 година, ќе ја извршува својата дејност што опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми на сите програмски сервиси согласно законските обврски утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Македонската радио телевизија се емитува преку редовните телевизиски програмски сервиси: Првиот програмски сервис – МРТ1, Вториот програмски сервис, 24-часовен канал на албански јазик – МРТ2, Спортско-забавниот канал – МРТ3, Каналот на другите етнички заедници и документарната програма – МРТ4, Детскиот канал – МРТ5, два посебни телевизиски сателитски сервиси на македонски и на албански јазик, Собраниският програмски сервис на МТВ, како и четири редовни радио програмски сервиси, Прв програмски сервис на Македонско радио – Радио Скопје, Втор програмски сервис на Македонско радио – Радио 2, Трет програмски сервис на Македонско радио – канал на албански јазик, Четврти програмски сервис на Македонско радио – програма на помалите етнички заедници и еден посебен радио сателитски сервис на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.

Основна мисија на јавниот сервис е создавање програма што ќе го негува, поттикнува и развива секој облик на домашно аудиовизуелно творештво, ќе понуди квалитет, веродостојност и разновидност во своите програмски содржини со што ќе ги брани и унапредува европските вредности, основните човекови права и националните културни вредности на македонското општество, но и ќе придонесе за меѓународна афирмација на македонскиот културен идентитет. Модерен јавен сервис кој ќе одговори на националните, но и на европските потреби е визијата за МРТ, а во таа насока Македонската радио телевизија ќе креира програма која ќе понуди многу повеќе од едукација, информација и забава.

По препорака на експерти од Европската радиодифузна унија, во Петгодишната стратегија на МРТ предвидено е тригодишно планирање на програмата, во смисла на планирање на програма што ќе се емитува во текот на три години по ред, а која во претходниот период имала позитивен одзив на публиката на Македонската радио телевизија. Овој начин на планирање на програмата е имлементиран во работата на Македонската радио телевизија и се покажа како ефикасен особено во делот на играната, детската играна, спортската и информативната програма.

Следејќи ги современите текови, МРТ ќе го надградува квалитативниот исчекор од 2024 година во аудиовизуелното обликување на сите програмски содржини, користејќи најнапредни дигитални алатки, софтвери за виртуелна реалност (VR) и виртуелни авторски сцени во реална или проширена сценографија (AR). Во програмската политика за 2026 година ќе се обезбеди континуирана соработка со европските јавни радиодифузни сервиси, како и самостојно продуцирање и

реализирање копродукции со домашни и со европски партнери, со цел создавање и емитување сопствена програма од сите категории и жанрови – информативна, играна, документарна, детска, културно-образовна, едукативна, забавна, спортска, во согласност со начелата и принципите утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со членовите 91, 92, 110 и 111, а согласно член 3, точка 13 од истиот Закон со која се утврдува терминот „програма од сопствено производство„.

Во делот на информативната програма, МРТ секојдневно ќе подготвува вести, дневници, интервјуа и дебати со општествено-политичките чинители, преку кои граѓаните ќе имаат можност да се запознаат со функционирањето на државата и плановите за идниот развој. Програмата ќе обезбеди и директни преноси од најважните празници поврзани со државноста и стратешките државни институции.

Составен дел од програмската шема ќе биде и спортската програма, при што најатрактивните содржини ќе се емитуваат на МРТ1, а дел на МРТ3, вклучувајќи квалификации и пријателски натпревари во фудбал и Европското првенство во ракомет – мажи, Зимските олимписки игри 2026 и други атрактивни спортски настани за кои МРТ дополнително ќе обезбеди програмски права.

Од играната програма се предвидува емитување на повеќе играни филмови, серијали и тв новели од познати светски продукции како Сони, Парамоунт, Виаком, Ворнер Брос, Старз и други, додека истовремено ќе се обезбеди значаен простор и за домашната продукција, вклучувајќи значајни филмски остварувања од македонски автори.

МРТ ќе стави акцент на зголемување на производството на сопствена програма, особено во делот на образовната, детската и културната програма, како и секојдневното продуцирање на информативни содржини. Темите што ќе ги опфаќаат домашната играна и документарна програма ќе бидат од македонската историја, традиција, фолклор, архитектура, културното наследство, економијата и социјалниот живот. Македонската радио телевизија е единствен јавен радиодифузен сервис во Европа што произведува и емитува програма на седум јазици, со што е уникатен пример за зачувување и афирмација на културните и етничките различности во македонското општество.

МРТ влегува во голем копродукциски проект за детска програма со наслов „Буквождер“, како современо продолжение на култната „Бушава азбука“. Програмата е во формат од околу пет минути, специјално прилагодена за најмладата публика со динамичен и едукативен пристап. Се очекува „Буквождер“ да го следи духот и успехот на „Дајте музика“, носејќи свежина и квалитет во детската продукција на јавниот сервис.

Во 2026 година МРТ ќе продолжи активно да ги поддржува сите културни и спортски манифестации, фестивали и кампањи од јавен и од национален интерес и ќе ја продлабочи соработката со културни институции како Националната опера и балет, Македонската филхармонија, Македонскиот народен театар, Драмскиот театар, Театар Комедија, Охридско лето, Струшки вечери на поезијата, Скопски џез фестивал, Скопско лето, Фестивалот Браќа Манаки, следејќи, документирајќи и емитувајќи ги нивните активности.

Еден од клучните приоритети во развојот на јавниот медиумски сервис е зајакнувањето на дописничката мрежа во државава. Дописничката мрежа претставува основа за обезбедување веродостојни, брзи и сеопфатни информации од сите региони, а не само од централните градови.

Со проширување и модернизација на оваа мрежа се постигнуваат повеќе бенефити: Подобра застапеност на регионалните теми – граѓаните добиваат содржини релевантни за нивната средина, а јавниот сервис ја извршува својата улога на национален медиум со еднаков пристап; Подигнување на квалитетот и разновидноста на програмата – повеќе извори значат поширок спектар на вести, репортажи и документарни прилози; Побрза и пообјективна информираност – присуство на терен овозможува точни, проверени и навремени информации; Поддршка на локалната култура и економија – преку следење локални настани, културни манифестации и развојни проекти, јавниот сервис станува платформа за промоција на регионалните специфики; Зголемување на довербата во јавниот сервис – рамномерната покриеност и транспарентното известување ја зајакнуваат улогата на сервисот како независен и инклузивен медиум; Подобро користење на нови технологии – мобилно новинарство, пренос во живо од терен, интеграција со дигитални платформи и социјални мрежи.

Ваквиот пристап не само што ќе обезбеди порамномерна географска застапеност, туку и ќе ја нагласи мисијата на јавниот медиумски сервис како институција која ги претставува сите граѓани, независно од местото на живеење.

Во делот на инвестициите приоритет на Македонската радио телевизија е комплетната дигитализација на Македонското радио, како и инвестициите во делот на техничко-технолошкиот развој на Македонската радио телевизија во целост.

Во современите медиумски услови, јавниот радиодифузен сервис се наоѓа пред клучна пресвртница. Преминот во јавен медиумски сервис произлегува од потребата за прилагодување на технолошките иновации, интеграција на повеќе платформи и обезбедување универзален пристап до содржини од јавен интерес. Овој процес ја зајакнува мисијата на сервисот како независна и транспарентна институција што обезбедува релевантни, веродостојни и разнолики медиумски услуги за сите граѓани, во согласност со европските стандарди и националните културни вредности.

Во процесот на трансформација од јавен радиодифузен во јавен медиумски сервис, неопходно е да се надмине традиционалниот модел на емитување и да се воспостави целосен спектар на линеарни и нелинеарни сервиси.

Линеарните сервиси – како што се класичните радио и телевизиски канали – остануваат важен столб, но нивното проширување со нелинеарни услуги обезбедува поголема достапност и интерактивност. Овие услуги вклучуваат ОТТ платформи за стриминг во живо и на барање, интернет страна со интегрирани архиви што веќе функционира, но е потребна нејзина надградба, мобилни апликации за персонализирано следење на содржини и подкасти како нов формат за информирање и едукација, што особено ќе придонесе во привлекувањето на публиката од помладата популација.

Јавниот сервис веќе ги користи виртуелната реалност (VR) и проширената реалност (AR) како дел од редовното производство и прикажување на содржини, со што создава имерсивни и иновативни прикази на вести, културни и документарни настани. Следниот чекор е збогатување на овие технологии со уште поголема интерактивност, персонализација и интеграција со новите платформи.

Покрај тоа, јавниот сервис може да примени иновативни дигитални алатки за анализа на публика, препорачување содржини и следење на трендови. Исто така, времето наложува и да се размислува за примена на вештачката интелигенција што ќе овозможи автоматска транскрипција, превод на повеќе јазици, персонализирани препораки, подобрена модерација на коментари и поддршка за создавање адаптирани содржини за различни групи гледачи.

Со ваквиот пристап, јавниот медиумски сервис не само што ќе ја одржи водечката улога во примена на нови технологии, туку и ќе ја зајакне својата позиција како независен, иновативен и современ извор на јавни медиумски услуги.“

За крај како последно, но не и најмалку важно е учеството на МРТ на Избор за песна на Евровизија 2026, во моментов МРТ сè уште нема донесено конечна одлука. Причините за тоа се повеќеслојни: потребата од внимателна проценка на продукциските и финансиските можности, разгледување на концептот за избор на претставникот и стратегијата за настап, како и анализата на досегашните искуства.

Уредништвото на МРТ ќе ги разгледа сите овие фактори и ќе ја донесе најдобрата одлука во согласност со интересите на јавниот сервис, културната промоција на земјата и очекувањата на публиката.

Инаку сите програмски сервисі на МРТ се програмски сервиси од општ формат и имаат законска обврска за редовно објавување на импресум, емитување на 40% изворна програма создадена во државата што треба да се емитува на јазикот на програмскиот сервис, за заштита на малолетната публика и за категоризација на програмата, а на најмалку еден радио програмски сервис на македонски јазик и на

радио програмскиот сервис на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија, дневно да обезбеди најмалку 50% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика изворно создадена во Република Северна Македонија да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство, а на вториот радио програмски сервис на македонски јазик дневно да обезбеди најмалку 30% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика изворно создадена во Република Северна Македонија да биде на македонски јазик. Во однос на маркетинг активностите, комерцијалните аудио и аудиовизуелни дела остварени во рамки на програмски содржини мора да бидат обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот. по потпишан договор за авторски права, во согласност со законските прописи.

Како прилог на Годишната програма за работа на МРТ за 2026 е Финансискиот план на МРТ во кој се прикажани средствата за редовното работење на Македонската радио телевизија, како и за планираните инвестиции во 2026 година.

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ДРАГАН НИКОЛОВСКИ**

Првиот програмски сервис на МРТ е програмски сервис во општ формат со најголема достапност до граѓаните и клучна улога во обезбедувањето на јавен интерес и културна разновидност. Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Првиот програмски сервис има обврска да емитува најмалку 60% европски аудиовизуелни дела, од кои најмалку 10% треба да бидат произведени од независни продуценти. Дополнително, најмалку 40% од вкупната програма мора да бидат македонски изворно произведени аудиовизуелни дела и емитувана на македонски јазик. Првиот програмски сервис мора да обезбеди пристапност на најмалку една програма за лицата со попреченост, обезбедувајќи превод на знаковен јазик и аудио опис.

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2026 година на Првиот програмски сервис на Македонската телевизија во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА | ОПИС |
|---|---|
| **ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА** | |
| **ВЕСТИ И ДНЕВНИЦИ** | Емитување секој работен ден од 8.00, 9.00, 10.00, 13.00, 17.00, 19.30 и 22.30 часот |
| **ОБЈЕКТИВ** | Информативна дебатна емисија (емитување во работни денови во вечерен термин) |
| **ИНФОМАГАЗИНИ** | Информативни емисии (емитување во работни денови во вечерен термин) |
| **ДОКУМЕНТАРЕН СЕРИЈАЛ ОД ОБЛАСТА НА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО** | Истражувачки стории за теми од јавен интерес |

| | |
|---|---|
| **ОТВОРЕНИ СТУДИЈА, СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЕМИСИИ** | Информативни емисии |
| **ДИРЕКТНИ ПРЕНОСИ ОД ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ И ОД ОДБЕЛЕЖУВАЊА НА ДЕНОВИ** („2 Август-Илинден, 11 Октомври, 23 октомври, 8 септември, Ден на Армијата, Ден на Полицијата,Свечени академии) | Информативни емисии |
| **РЕДАКЦИЈА НА АКТУЕЛНОСТИ (ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА)** | |
| **УТРИНСКА ПРОГРАМА** | (емитување секој работен ден) |
| **ВО ЖИВО – ПРОГРАМА НА ГРАДОВИТЕ** | емитување секој работен ден попладне) |
| **АГРАР** | Информативна емисија |
| **УРБАН ЛИК** | Информативно едукативна емисија |

| | |
|---|---|
| **СПОРТСКА ПРОГРАМА** | |
| **СПОРТСКИ ВЕСТИ ВО ТВ-ДНЕВНИЦИТЕ** | Секојдневно емитување |
| **ОТВОРЕНИ СТУДИЈА + СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЕМИСИИ** | Надополнување на одредени спортски содржини |
| **ФУДБАЛ, КВАЛИФИКАЦИИ ЗА СП 2026 (натпревари на Македонија)** | Во период на одржување на настанот |
| **ФУДБАЛ, УЕФА Лига на нации 2026/2027 (натпревари на Македонија)** | Во период на одржување на настанот |
| **ЕП РАКОМЕТ – МАЖИ, 2026** | Во период на одржување, |
| **ЕП РАКОМЕТ – ЖЕНИ, 2026** | Во период на одржување, |
| **ЗИМСКИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ 2026 МИЛАНО КОРТИНА** | 6-22 февруари 2026 |
| ******СП ВО ФУДБАЛ ВО КАНАДА, САД И МЕКСИКО 2026** | 11 јуни – 19 јули 2026 |

******Ако се обезбедат ТВ права**

| ИГРАНО-ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА | |
|---|---|
| **ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ РЕПОРТАЖИ И ЕМИСИИ** | Документарни емисии – домашна продукција |
| **ДОКУМЕНТАРНИ СЕРИИ** | Документарна програма |
| **СЕРИЈАЛ ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКАТА КИНЕМАТОГРАФИЈА** | Документарна серија |
| **СЕРИЈАЛ ЗА ДОМАШНАТА УМЕТНОСТ** | Документарна серија |
| **СЕРИЈАЛ ЗА СЕРИОЗНАТА МУЗИКА ВО МАКЕДОНИЈА** | Документарна серија |
| **СЕРИЈАЛ ЗА УБАВИНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА** | Документарна серија |
| **СЕРИЈАЛ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ОЛИМПИЈЦИ** | Документарна серија |
| **ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ** | Документарни емисии |
| **ДОМАШНА ИГРАНА ПРОГРАМА** | Играна серија |
| **ДОМАШНА ФИЛМСКА ПРОГРАМА** | Домашни играни филмови |
| **ОБРАБОТЕНА СТРАНСКА ПРОГРАМА**<br>Светски прваци<br>Вера<br>Повик<br>Група<br>Исклучителни жени<br>Светот на природата<br>Старите светови<br>Историја на науката<br>Убавите хотели: живот зад лобото<br>Планетата Земја<br>Заледената планета<br>Планети<br>Револуции: Идеи што го сменија светот<br>Икони<br>Откриени богатста | Филмови, серии, документарни филмови и серии и анимирана програма. |
| **ОБРАБОТЕНА ЕВРОПСКА ПРОГРАМА** | Документарни емисии |
| **ДИРЕКТНИ ПРЕНОСИ** | 1.ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКА КАМЕРА “БРАЌА МАНАКИ”<br>2.“СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ |
| **ДИРЕКТНИ ПРЕНОСИ ОД ЦРКОВНИ НАСТАНИ** | ЛИТУРГИИ И МИСИ |

| | |
|---|---|
| **СНИМАЊЕ ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ** | Театарски претстави од МНТ, Драмски театар, Театар Комедија, Театар Ј:Х:Џинот- Велес |
| **РЕПОРТАЖИ И ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ ЗА ТЕАТАРОТ** | МНТ, Драмски театар, Театар Комедија, Театар Ј.Х.Џинот-Велес |
| **ОСКАРИ 2026** | Директен пренос од манифестацијата |
| **ВО КАДАР – Емисија за филмската уметност** | Еднаш неделно со актуелни теми и настани |
| **ТВ МАГАЗИН** | Колажен магазин |

| **ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА** | |
|---|---|
| **SBOH** | Училишна програма |
| **АНИМИРАНИ СЕРИИ** | анимирани серии за деца |
| **БУКВОЖДЕР** | анимирана едукативна серија за деца и возрасни |
| **КНИЖЕВНА ОДИСЕЈА** | Културно-образовен документарен серијал |
| **ДЕТСКИ КВИЗ** | Едукативен квиз за деца |
| **ИГРАНА СЕРИЈА** | Детска играна серија |
| **СЕ ЗА ДЕЦА** | Едукативен серијал за деца и родители |
| **ЗАБАВНО МУЗИЧКА СЕРИЈА** | Серија за деца |
| **СЕРИСКА ПРОГРАМА ЗА ДЕЦА** | Играна програма |
| **СИ БИЛО ЕДНАШ** | Играна програма |
| **БОН ТОН** | Анимирана програма |
| **ЗАБАВНО ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА** | Емисии за млади на актуелни теми |
| **МИСЛАМ ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ** | Серија за млади |
| **МЕДИАТЕКА** | Серија за медиумска писменост |
| **МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ** | Едукативна серија |

| | |
|---|---|
| **ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛИ** | -„Калинка"<br>-„Поточиња“<br>-„Распеано детство"<br>- „Весело штурче" |
| **ЗНАЕТЕ ЛИ?** | Едукативна серија |
| **ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА** | Едукативна програма |
| **ОПШТООБРАЗОВНИ ЕМИСИИ** | Емисиите обработуваат теми од општо образование |
| **ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ ЗА ДЕЦА** | |
| **ЗАВРШНИ БАЛЕТСКИ КОНЦЕРТИ** | |
| **ДЕТСКА НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА** | Забавно едукативна програма |
| **КРАТКИ ВИДЕО-ПОРАКИ И/ИЛИ КВИЗ-ПРАШАЊА од областа на историја, географија, култура, спорт, за превенција,** | Забавно едукативна програма |
| **И ЈАС ИМАМ СВОИ ПРАВА**<br>**(работен наслов)** | Образовна емисија за детските права |

| **КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКА ПРОГРАМА** | |
|---|---|
| **НАШ ПОДИУМ** | Емисијата обработува теми од областа на културата, уметноста и македонската естрада. |
| **ФОЛК ЏУБОКС** | Музичко шоу |
| **,,ДОЗА” КУЛТУРА** | Вести од културата |
| **НЕДЕЛЕН МАГАЗИН** | Контактна емисија |
| **ПОРТРЕТИ И ДОКУМЕНТАРНИ ЕМИСИИ** | Емисии посветени на личности и настани од областа на културата и уметноста |
| **ПЕЈАЧИ И ПЕСНИ** | Музички портрети на истакната дејци од областа на музиката |

| | |
|---|---|
| **АНПЛАГД** | Музичка емисија –анплагд концерти на пејачи и бендови |
| **25 ЧАС** | Емисија од областа на класичната музика |
| **ДИРЕКТНИ ПРЕНОСИ И СНИМАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИИ, МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛИ, КОНЦЕРТИ, НАСТАНИ И ДРУГИ НОВИ МАНИФЕСТАЦИИ КОИ ЌЕ БИДАТ ОД ПРОГРАМСКИ ИНТЕРЕС** | - Охридско лето<br>- Струшки вечери на поезијата<br>- Макфест<br>- Фестивал Валандово<br>- Филхармонија<br>- Национална Опера и Балет |
| **ТОК-ШОУ СЕРИЈАЛИ** | Ток - шоу |
| **КВИЗ** | Забавен квиз |
| **СЕРИЈАЛ ЗА ДОМАШНАТА МУЗИЧКА СЦЕНА** | Серијал за домашната музичка сцена |
| **ВИЕНСКА ФИЛХАРМОНИЈА** | - Новогодишен концерт<br>- Летен концерт |
| **ЕБУ ПРОГРАМА** | Концерти, забавни и друг жанр емисии |
| **НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА** | Забавна шоу програма |
| **ЕВРОВИЗИЈА** | Меѓународна манифестација |
| **ЈЕСЦ – ЈУНИОРСКИ ЕВРОСОНГ** | Меѓународна манифестација |
| **ШОУ ПРОГРАМА И ФЕСТИВАЛИ НА МРТ (доколку се создадат услови)** | - Скопски фестивал<br>- Цветници<br>- Шоу програма |

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: МЕРИТА ГАШИ**

Втор програмски сервис на МТВ е програмски сервис од општ формат и има за цел да обезбеди континуирана, 24-часовна програма на албански јазик, која ќе ги задоволува културните, информативните и едукативните потреби на своите на 20% од жителите кои го зборуваат јазикот различен од македонскиот јазик. Програмата се базира на принципите на квалитет, веродостојност и разновидност. промовирајќи домашно културно творештво преку преведени или адаптирани дела, со посебно внимание на пристапноста за лица со попреченост и заштитата на малолетната публика. Вториот програмски сервис, исто така, ги исполнува законските обврски за емитување на 40% аудиовизуелни дела создадени во државата и за употребата на јазикот на којшто се емитува програмскиот сервис.

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2026 година на Вториот програмски сервис на Македонската телевизија во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА** | **ОПИС** |
| --- | --- |
| ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК | |
| І-РЕДАКЦИЈА НА ДНЕВНИ ИНФОРМАЦИИ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК НА МТВ | |
| 1-ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА | |
| **ВЕСТИ**<br>15 минути целогодишна динамика | Емитување секој работен ден во 12:00-12:15 |

| | |
|---|---|
| **ФЛЕШ ВЕСТИ**<br><br>5 минути<br>целогодишна динамика | Се емитуваат во<br>во 00:00 |
| **ТВ ДНЕВНИЦИ  НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК**<br>Целогодишна динамика | Емитувње во<br>16.00, 18.30 и 22.00 |
| **ТОП ВЕСТИ** | Емитување    во<br>07.00 и 09.00<br>15 минути |
| **РЕС ПУБЛИКА/ САМО ПРАШАЈ** | Информативна емисија |
| **Нов**<br>**(РАБОТЕН НАСЛОВ)**<br><br>**"Спектри"**<br><br>**„ Окото на јавноста„** | Попладневен појас на емисии<br><br>Емитување понеделник -петок<br>17:00 |
| **СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЕМИСИИ** | Други информативни емисии „Тема на денот„<br>Во зависност од потребата за реализирање на разговор за актуелни теми на  денот или на неделата. |
| **2- РЕДАКЦИЈА НА АКТУЕЛНОСТИ( ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА)** | |
| **ZOOM-(ЗУМ)**<br>-60 минутна, седмична | Политичка дебата<br>Секој  вторник 20:15 |
| **ИНТЕРВЈУ**<br>**„ 1+1„** | Разговор за различни актуелни теми на неделата<br>Секој петок 20:15 часот |
| **ЕВРОПЕО** | Емисија на актуелни теми од<br>надворешна политика |
| **ЕУ И НИЕ** | Неделна емисија за евроинтеграциските процеси,<br>Емитување<br>Секоја среда во 19:30 |
| **3-УТРИНСКА РЕДАКЦИЈА ( УТРИНСКА И ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА)** | |
| **РИТАМ НА ДЕНОТ** | Информативно рекреативна  емисија на актуелни дневни настани со учество и на гости |
| **МОЈАТА ОПШТИНА** | Со дописните центри – репортажи од општините<br><br>( итна потреба за комплетирање на Дописна мрежа со новинари и сниматели  за потребите на МТВ2 од внатрешноста и меѓународните центри, (Приштина, Брисел, Вашингтон) |

| | |
|---|---|
| **БИЗНИС ПЛУС** | Емисија за економија и стопанство<br>45 мин –седмична |
| **4-СПОРТСКА РЕДАКЦИЈА** | |
| **СПОРТСКИ ВЕСТИ ВО ТВ ДНЕВНИЦИТЕ + спортски анализи за спортски настани** | Секојдневно емитување после централните Дневници 2 и 3 |
| **СТУДИО СПОРТ** | Спортска емисија<br>Студио |
| **СПОРТСКИ ПРЕНОСИ+ СТУДИО-спорт со спортски анализи**<br><br>**Отворени студија- коментирање директни преноси на домашни и светски спортски натпревари и други спортски настани за кои Втор Програмски Сервис има програмски интерес**<br><br>-Светско првенство во фудбал- САД<br><br>од 11 јуни до 19 јули 2026 година<br><br>-Зимски Олимписки игри<br><br>( февруари- 2026)<br><br>-Европски настапи на домашни спортски екипи | Емитување<br>Согласно потпишаните договори за права на пренесување на спортски преноси и првенства од одредени спортски дисциплини.<br>Пред директните преноси на најважните спортски настани за кои МТВ2 има прогрмски интерес да ги емитува ќе се реализират и отворени студиа |
| **СПОРТСКИ РЕПОРТАЖИ-**<br><br>**“ЗАЕДНО СО ЛЕГЕНДИТЕ ОД СПОРТОТ„** | Емисии посветени на угледни спортисти-клубови<br><br>Домашни спортски клубови , и за меѓународни спортски личности |

| | |
|---|---|
| **II-НАУЧНО-ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА** | |
| **1. РЕДАКЦИЈА ЗА ДЕЦА** | |
| **МОЕТО УЧИЛИШТЕ** | Едукативна детска, емисија<br>Емитување енаш во неделата по 30 мин. |
| **ПРОЗОРЕЦОТ НА СОНИШТАТА**<br><br>**(нов наслов- )** | Детска емисија 25-30 минути<br>Емитување еднаш во неделата<br>Емисија посветена на детските соништа преку толкување на детски приказки во вид на ма-пет-шоу |

| | |
|---|---|
| **ДЕТСКА ПРОГРАМА** | Едукативни детски серии |
| **ДЕТСКА ЕМИСИЈА**<br>**„СВЕТОТ НА БАЈКИТЕ„** | Детска драма<br>Емитување еднаш во неделата<br>Времетраење:<br>20 минути |
| **ОБРАЗОВНА ДЕТСКА ЕМИСИЈА** | Образовна емисија  на албански јазик<br>Времетраење:30 минути |
| **НОВОГОДИШНА ЕМИСИЈА  ЗА ДЕЦА** | ДЕТСКО ШОУ<br>Забавна детска емисија |
| **ДЕТСКИ КВИЗ** | Едукативен квиз за деца<br>емисии на албански јазик<br>Заеднички проект со МРТ1, и МРТ5 |
| **ДЕТСКИ СЕРИИ-АНИМИРАНИ**<br><br>**Симба**<br>**Штрумфови**<br>**Патролни шепи**<br>**Покахонтас**<br>**Кралот лав**<br>**Пепелашка**<br>**Робин худ**<br>**Гилисгилис**<br>**Драгон Форс**<br>**Бек ту Бек**<br>**Книга за џунглата**<br>**Снежана**<br>**ГГО Фудбал**<br>**Мака Рони**<br>**Фрут Командо**<br>**АБЦ Чудовишта** | Обработка на странски анимирани серии за деца |
| **ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛИ** | „Пчелички„<br>„Славејчињата на Кораб„<br>„Златна рибка„<br>„Виножито„<br>„Наш Ден„<br>„Пеперутки„ |
| **II- РЕДАКЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | |
| **ПРО ВИТА** | Емисија за здравство |

| | |
|---|---|
| **МОТИВ** | Емисија за млади<br>Времетраење:<br>60 мин |
| **ЕМИСИЈА ЗА КУЛИНАРСТВОТО** | Едукативна емисија од кулинарството<br>Совети и рецепти за здрава исхрана |
| **ЕДУКАТИВНИ ВИДЕО СОДРЖИНИ ВО ФОРМАТ ПРИЛАГОДЕН ЗА ДЕЦАТА** | Кратки видео содржини со едукативен карактер за деца |
| **ВЕРСКИ ЕМИСИИ** | 30 редовни емисии посветени за Светиот месец Рамазан |
| **СВДОШТВА НА ПРОРОКОТ** | Верска едукативна емисија<br>Емитување, еднаш во неделата |
| **III –КУЛТУРНО-ЗАБАВНА ПРОГРАМА** | |
| **РЕДАКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ** | |
| **1- МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА** | |
| **МУЗИКА И ФОЛКЛОР** | Музичка емисија<br>Емитување еднаш во неделата |
| **ГЛАМУР** | Неделна емисија од културата<br>Времетраење:45мин |
| **Музички емисии<br>Забавна , народна музика + фолклор** | Емитување, согласно одредбите на законот за АВМУ за емитување на музички содржини |
| **ЏЕЗ НА ЕКРАНОТ** | Неделна емисија за џез музиката<br>120 мин. |
| **АУЛОС** | Емисија за класичната музика<br><br>Времетраење 30 мин.<br>Разговори со домашни и странски личности од светот на класичната музика, проследени со интерпретација на композиции од класиката со соло пеење. |
| **„ВО ВИКЕНД„** | Рекреативно-забавна емисија<br><br>Викенд програма<br>Емитување<br>Секоја сабота и недела, до 90 минути 16:45- до 18:15 ч<br>Емисијата претежно ќе биде од забавен и рекреативен карактер со гостин во студиото, малку музика и збир на културни и музички настани во вид на информативен билтен на неделата |
| **НОВОГОДИШНА ЕМИСИЈА** | Музичка новогодешна Шоу програма<br>300 минути новогодишна програма |

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛОГ ЕМИСИЈА**<br><br>**БИГ ШОУ** | Музички Спектакл-<br>Музичко шоу<br>Доколку има нови вработувања на новинарски кадар,и доколку се исполнат  техничките услови за реализација. |
| **ЈУБИЛЕИ** | Програмски содржини и манифестации поврзани со одреден јубилеи |
| **ВИЕНСКА ФИЛХАРМОНИЈА** | Новогодишен концерт |
| **ФЕСТИВАЛИ И КОНЦЕРТИ** | Заеднички со МРТ1 во интерес на програмата, и поединечни кога се од интерес за посебна таргет група на гледачи |
| **ЕВРОВИЗИЈА** | Меѓународна манифестација |
| **2-КОНТАКТНО РЕКРЕАТИВНА РЕДАКЦИЈА** | |
| **ТОП ЛИСТА  НА НАРОДНИ ПЕСНИ** | Седмични, а на годишно ниво 45 емисии по 30 минути |
| **ТОП ЛИСТА  НА ЗАБАВНИ ПЕСНИ** | Седмични а на годишно ниво 45 емисии по 30 минути |
| **IV-ИГРАНО ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА** | |
| **1-ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА** | |
| **ЦИКЛУС НА ДОКУМЕНТАРНИ ЕМИСИИ** | Поширок спектар на документарни теми  портрети, патеписи,луге и судбини   на истакнати личности |
| **ТВ РЕПОРТАЖА**<br>**„ РИЗНИЦИ„** | Неделни патописни репортажи,<br>времет. 30 мин. |
| **БИОГРАФИЈА** | Биографска скица, во вид на  „ТВ портрети„ на познати личности од естрадата и  културата  но и пошироко со посета во нивниот дом, работен амбиент и сл.<br>Емитување еднаш месечно |
| 2-**РЕДАКЦИЈА ЗА ДРАМА И ФИЛМ** | |
| **ТЕАТАР НА ЕКРАНОТ** | Во соработка со албанските театри,<br>Куманово, Тетово, Гостивар, Скопје заедно со Детскиот албански театар-Скопје |
| **ДОКУМЕНТАРНИ ЕМИСИИ** | Обработка на снимени матриали од архивата на МТВ2 |
| **ВИДЕО ВИТРИНА** | Емисија за кинематографијата, најновите текники во филмската индустрија и употребата на истите во современите филмови |

| | |
|---|---|
| **АЛБАНСКИ НАРОДНИ ПРИКАЗНИ** | Емитување еднаш неделно<br>Со титл на албански јазик – пристапна програма за лица со попреченост |
| **ДОМАШЕН СЕРИЈАЛ** | Емитување еднаш неделно |
| **ДОМАШЕН СЕРИЈАЛ** | Емитување еднаш неделно |
| **-Домашни серијали**<br><br>**-Образовна програма**<br><br>**-Забавно-<br>рекреативна програма**<br><br>**-Документарни емисии** | |
| **ИГРАНА ПРОГРАМА<br>ФИЛМОВИ /СЕРИИ** | Филмската продукција се купува/ емитува согласно заедничкиот програмски интерес со МРТ1 и МРТ2 |
| **Документарни емисии од јавните сервиси од соседство РТА ( Радио телевизија Албанија) и РТК ( Радио телевизија Косово)** | Неопходно потпишување на нов меморандум за соработка со МРТ за потребите на Втор програмски сервис |
| **3-РЕДАКЦИЈА ЗА ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА** | |
| **ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА** | Обработената продукција се реализира од филмската понуда, која е заедничка со МРТ1 |

**Список на фестивали и други содржини, за кои е потребно репортажно возило**

СНИМАЊЕ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

| | |
|---|---|
| МУСЛИМАНСКА НОВА ГОДИНА- | 1 годишно x 90 минути = 90 минути |
| РАМАЗАН БАЈРАМ | 1 годишно x 120 минути = 120 минути |
| КУРБАН БАЈРАМ | 1 годишно x 120 минути = 120 минути |
| ИСЛАМСКА НОВА ГОДИНА | 1 годишно x 120 минути= 120 минути |
| ДЕНОТ НА АЛБАНСКАТА АЗБУКАТА | 1 годишно x 90 минути = 90 минути |
| ДЕНОТ НА АЛБАНСКОТО ЗНАМЕ | 1 годишно x 90 минути = 90 минути |

Други фестивали превземени без парични надоместок од независни продуценти

| | |
|---|---|
| Песно Ечи ( народен) | 3 дена x 90 минути = 270 минути |
| Нота Фест ( забавен) | 1 годишно x 120 минути = 120 минути |
| Тетовско лето | 3 дена x 90 минути = 270 минути |
| Скопски камерен оркестар | 1 годишно-120 мин =120 минути |
| Вечерни звуци на Чаршијата | 1 годишно-120 мин = 120 минути |

| | |
|---|---|
| Струга Фест | 1 годишно-120 мин = 120 минути |
| Фолк Фест | 1 годишно-120 мин = 120 минути |

И други концерти и свечени Академии за кои Вториот програмски сервис на МРТ,има програмски интерес за емитување

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: НЕМА**

Третиот програмски сервис на МТВ е општ програмски сервис на кој главно се емитуваат спортски содржини, но се емитуваат и други аудиовизуелни дела од сопствено производство или аудиовизуелни дела за кои Македонската радио телевизија ги обезбедила правата за емитување (ваквите права се обезбедуваат за сите програмски сервиси на Македонската телевизија). На спортскиот канал можат да се гледаат најважните квалификациски натпревари на европско и светско ниво, но и натпреварите на домашните лиги.

| **СПОРТСКА ПРОГРАМА МТВ-3** | |
|---|---|
| **УЕФА ЛИГА НА НАЦИИТЕ ВО ФУДБАЛ 2026/2027 (натпревари на Македонија)** | Во период на одржување |
| **УЕФА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА СП ФУДБАЛ 2026 (натпревари на Македонија)** | Во период на одржување |
| **ЕХФ ЕП ВО РАКОМЕТ МАЖИ 2026 ДАНСКА, НОРВЕШКА И ШВЕДСКА** | Во период на одржување, 15 јануари до 1 февруари |
| **ЕХФ ЛИГА НА ШАМПИОНИТЕ ВО РАКОМЕТ 2025/2026** | Во период на одржување |
| **ЕХФ ЕВРОПСКА ЛИГА ВО РАКОМЕТ 2025/2026** | Во период на одржување |
| **ЕХФ ЕП ВО РАКОМЕТ ЖЕНИ 2026** | Во период на одржување |
| **ДОМАШНО ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ 2025/2026** | Во тек на сезоната |
| **АБА 1 и АБА 2 ЛИГА КОШАРКА 2025/2026** | Во тек на сезоната |
| **СВЕТСКИ КУП ВО БИАТЛОН 2025/2026** | Во тек на сезоната |
| **СП ВО ПЛИВАЊЕ ВО КРАТКИ БАЗЕНИ 2026** | Во период на одржување |
| **СВЕТСКИ КУП ВО ПЛИВАЊЕ 2026** | Во период на одржување |

| | |
|---|---|
| **СВЕТСКИ КУП ВО ВАТЕРПОЛО 2026** | Во период на одржување |
| **ИСУ СП ВО УМЕТНИЧКО ЛИЗГАЊЕ 2026** | Во период на одржување на настанот |
| **ИСУ ЕП ВО УМЕТНИЧКО ЛИЗГАЊЕ 2026** | Во период на одржување на настанот |
| **ИСУ ГРАНД ПРИ ВО УМЕТНИЧКО ЛИЗГАЊЕ 2026/2027** | Во период на одржување на настанот |
| **ДОМАШНИ НАСТАНИ: 2026: ТЕНИСКИ ТУРНИРИ, „ОХРИДСКИ ПЛИВАЧКИ МАРАТОН“, „СКОПСКИ АТЛЕТСКИ МАРАТОН“** | Во период на одржување на настаните |
| **ДОМАШНО ПРВЕНСТВО ВО КОШАРКА 25/26** | Во период на одржување |
| **ДОМАШНО ПРВЕНСТВО ВО РАКОМЕТ 25/26** | Во период на одржување |
| **ДОМАШНО ПРВЕНСТВО ВО ОДБОЈКА 25/26** | Во период на одржување |
| **НАСТАПИ НА МАКЕДОНСКИ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ ВО КВАЛИФИКАЦИИ (ракомет, одбојка)** | Во тек на сезоната |
| **ЗОИ 2026 МИЛАНО КОРТИНА** | 6-22 февруари 2026 |
| **ТЕЛЕСПОРТ** | Магазинска емисија еднаш неделно |
| ***** СП ВО ФУДБАЛ 2026 КАНАДА, САД И МЕКСИКО** | 11 јуни – 19 јули |

*** со ѕвездички се означени спортските настани за коишто МРТ е заинтересирана, планира да преговара или веќе е во фаза на преговори за обезбедување ТВ-права.

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**ЧЕТВРТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ЕРАН ХАСИПИ**

Програмата на четвртиот програмски сервис на МТВ е програмски сервис од општ формат и е е канал за емитување на програмски содржини на немнозинските заедници кои живеат во Република Северна Македонија, како и емитување документарна програма од сопствено производство, како и документарна програма за која Македонската радио телевизија ги обезбедила правата за емитување.

Програмските целини се во согласност со мандатот на јавниот радиодифузен сервис и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот за МРТ.

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2026 година на Четвртиот програмски сервис на Македонската телевизија во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА** | **ОПИС** |
|---|---|
| **ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | |
| ДОКУМЕНТАРНИ РЕПОРТАЖИ<br><br>Манастирите во Македонија | Емитување еднаш дневно<br><br>(репортажи за манастирите во Македонија) |
| ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ | Емитување еднаш дневно<br><br>(филмови за човечки судбини, луѓе, настани) |
| ДОКУМЕНТАРНИ КРАТКИ РЕПОРТАЖИ<br>Убавите села | Емитување еднаш дневно<br>(репортажи за убавините на македонските села) |
| ДОКУМЕНТАРНИ ЕМИСИИ<br><br>Алтернативен туризам | Емитува еднаш дневно<br>(еклсузивноста на алтернативниот туризам во Македонија) |
| ПРЕНОСИ ОД ВЕРСКИ НАСТАНИ ПРАЗНИЦИ (СВЕЧЕНИ АКАДЕМИИ) | 1. ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКА КАМЕРА “БРАЌА МАНАКИ”<br>2. ЛИТУРГИИ<br>3. КАТОЛИЧКИ МИСИ |

| | |
|---|---|
| ДОКУМЕНТАРНИ ПОРТРЕТИ | Емитување еднаш дневно<br><br>(портрети на значајни личности и уметници |
| ДОКУМЕНТАРЕН МАГАЗИН<br><br>Филмски приказни | Емитување еднаш неделно<br><br>(магазинска емисија од областа на филмот) |
| КОЛАЖНИ ДОКУМЕНТРАНИ ЕМИСИИ<br><br>Црно и бело | Емитување еднаш неделно<br><br>(колажни емисии од архивски материја на МТВ) |
| ДОКУМЕНТАРНИ ЕМИСИИ<br><br>Викенд за паметење | Емитување еднаш неделно<br><br>(колажни емисии од архивски материјали на МТВ) |
| ДОКУМЕНТАРНИ ЕМИСИИ<br><br>Во здраво тело, здрав дух | Емитување еднаш неделно<br><br>(емисии од областа на нутриционизмот и здравиот живот) |
| ДОКУМЕНТАРНИ ЕМИСИИ<br><br>Доктор дома | Емитување еднаш неделно<br><br>(емисии од областа на медицината) |
| ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА (ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ И СЕРИЈАЛИ) | Емитување еднаш дневно<br><br>(Странска обработена програма |
| **ПРОГРАМА НА ТУРСКИ ЈАЗИК НА МТВ** | |
| **1 ИНФОРМАТИВНА ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА** | |
| **Дневник**<br>25 минути, Целогодишна динамика | Информативна<br>емисија |
| **Флеш вести**<br>15 минути,<br>Целогодишна динамика | Информативна<br>емисија |
| **Актуел**<br>45 минути,<br>Целогодишна динамика | Дебатна емисија |
| **Свет денес**<br>30 минути,<br>Целогодишна динамика | Информативна емисија |
| **Муабети во сабота**<br>60 минути,<br>Седмична | Дебатна емисија |

| | |
|---|---|
| **Политика**<br>60 минути,<br>Седмична | Политичка<br>информативна<br>емисија |
| **Невладин сектор**<br>60 минути,<br>Седмична | Информативна емисија |
| **Амбар**<br>60 минути,<br>Седмична | Економска информативна емисија |
| **Шампион**<br>60 минути,<br>седмична | Спортска информативна емисија |

| **2 КУЛТУРНО ОБРАЗОВНА РЕДАКЦИЈА** | |
|---|---|
| **МТВ Дете**<br>30 минути,<br>седмично | Детска<br>Едукативна<br>емисија |
| **Нашата бајка**<br>15 минутни,<br>седмична | Детска<br>културна<br>емисија |
| **Прво здравје**<br>60 минути, седмична, | Емисија за здравството |
| **Наш век**<br>15 минути,<br>седмиична | Образовна<br>емисија |
| **Етика и морал**<br>60 минути,<br>седмична | Верска<br>дебатна<br>емисија |
| **Културен мозаик**<br>30 минути,<br>седмична | Емисија посветена за заедничката култура на општеството |
| **Наши луѓе**<br>30 минути,<br>седмична | Културно образовна<br>емисија |
| **Заедно со вас**<br>45 минути,<br>седмична | Интерактивна<br>емисија |
| **ТВ театар**<br>60-120 минути | Национална Установа<br>“Турски Театар“ |
| **ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА (филмови, серии, документарни филмови и анимирана програма)** | Обработената  програма се реализира согласно заедничката шема со другите програмски сервиси на МТВ |

| 3 ЗАБАВНО МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА | |
|---|---|
| **Музика за сите**<br>60 минути,<br>седмична | Забавна<br>Музичка<br>емисија |
| **Класична музика**<br>60 минути<br>Седмична | Музичка<br>емисија |
| **Се за музика**<br>30 минути,<br>седмична | Музичка Едукативна<br>емисија |
| **Нова Година**<br>90 минути | Музичка<br>Забавна<br>емисија |
| **СПИСОК НА ФЕСТИВАЛИ И ДРУГИ СОДРЖИНИ, ЗА КОИ Е ПОТРЕБНО РЕПОРТАЖНО ВОЗИЛО** | |
| **Бајрам** | Државен и верски празник |
| **23 април** | "Ден на децата" |
| **4-7 мај** | "Хдрлез" |
| **19 мај** | "Ден на Ататурк" |
| **15 август** | "Турците од Источна Македонија" |
| **21 декември** | Празник<br>"настава на турски јазик" |
| **15 август** | "Турците од Источна Македонија" |
| **21 декември** | Празник<br>"настава на турски јазик" |

**РЕДАКЦИИ НА НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

**1 РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК**

| **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА** | **ОПИС** |
|---|---|
| **Бијандипе - Преродба**<br>**-** 261<br>емисија на годишно ниво | Информативна емисија (емитување секој работен ден во 15:30 часот) |
| **Свечена академија**<br>**„8-ми Април Ден на ромите"**<br>-една<br>емисија на годишно ниво | Директен пренос на прослава по повод Денот на Ромите |

| | |
|---|---|
| **Свечена академија**<br>**„5 Ноември Меѓународен ден на ромскиот јазик“**<br>-една<br>емисија на годишно ниво | Снимање на настан |
| **Труба Фест**<br>- една емисија на годишно ниво | Снимање на Рома Труба Фестивал во Куманово |
| **Недела на ромската Култура**<br>-една<br>емисија на годишно ниво | |
| **Емисии од областа на на културата „Култура, традиција, обичаии“**<br>- една емисија на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 12 емисии од областа на културата на Ромите во РСМ |
| **Василична**<br>**-** една емисија на годишно ниво | Снимање на музичка Василична емисија |
| **Новогодишна**<br>**емисија**<br>- една емисија на годишно ниво | Снимање на музичка новогодишна емисија |
| **Детска Новогодишна**<br>**емисија**<br>- една емисија на годишно ниво | Снимање на детска новогодишна емисија |
| **Ѓурѓовден традиционален празник на Ромите**<br>**-** една емисија на годишно ниво | Снимање на документарна емисија за празнувањето и значењето на традиционалниот празник „Ѓурѓовден“ |
| **Ромски приказни**<br>**„Позитивни модели на роми во Македонија“**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисии портрети на позитивни модели роми кои со својата професија и успех се истакнати како најдобри во нивната област |
| **ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА** (филмови, серии, документарни филмови и анимирана програма) | Обработената програма се реализира согласно заедничката шема со другите програмски сервиси на МТВ |
| **Нашето јазично богатство**<br>**-** две емисиина месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисии со цел афирмирање и промовирање на правописот и правоговорот на ромскиот стандарден јазик како и промовирање на книжевни творци Роми |
| **Верски емисии за месец Рамазан**<br>**-** две емисиинеделно во текот на месец Рамазан<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 8 говорни емисии<br>кои ќе обработуваат теми за месецот Рамазан и неговото значење |
| **Верски музички емисии**<br>**-** две емисиинеделно во текот на месец Рамазан<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 8 музички емисии со верски песни на ромски јазик |

| | |
|---|---|
| **“Минато, сегашност и иднина“ Документарни емисии и репортажи за ромите во РСМ**<br>**-** една емисија на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 12 емисии на годишно ниво |
| **Образовни емисии**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисии на годишно ниво, емисиите обработуваат теми за образованието на Ромите во РСМ |
| **Младинска емисија**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисии на годишно ниво<br>(контактна емисија со гостување на познати Роми од областа на музиката) |
| **„Дебата“- Политички емисии**<br>**-** една емисија на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисии на годишно ниво, интерактивни емисиите во гостување на Роми во политиката |
| **„Твоето здравје, твоја грижа“**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисии на годишно ниво, емисиите обработуваат теми за здравјето |
| **„Социјална инклузија на ромите„**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисиина годишно ниво,емисиитеобработувааттеми:<br>- афирмација на превенцијата во Социјалната заштита, остварување на правата за парична помош |
| **Детски емисии „Во детскиот свет“**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24емисии нагодишнониво<br>(приказни на ромски јазик со наратори) |
| **Театарски претстави**<br>**-**три емисии на годишно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно три емисии на годишно ниво |
| **„Спортот и ромите“**<br>**-**една емисија на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 12 емисии за спортот кај Ромите (преглед на спортски настани кај нас и во светот, со снимање на прилози) |
| **Музички емисии (народна, забавна и фолклорна музика)**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24емисии на годишнониво |

| **2 РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК** | |
|---|---|
| **Свети Сава** | |
| **Видовден** | |
| **Удово** | |

| | |
|---|---|
| **Кајмакчалан** | |
| **Свечена Светосавска Академија** | |
| **Водици** | |
| **ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА** (филмови, серии, документарни филмови и анимирана програма**)** | Обработената програма се реализира согласно заедничката шема со другите програмски сервиси на МТВ |
| **Ден на државноста на Република Србија** | |
| **“Срби и пријатели “** | |
| **Успешни жени србинки** | |
| **Свечена Светосавска академија** | |
| **Православна Нова година** | |
| **Денови на српската дијаспора** | |
| **Велики петок** | |
| **Годишнина од пробој на Сремски фронт** | |
| **Видовден** | |
| **Брегалничка битка** | |
| **Кајмакчалан** | |
| **Зебрњак** | |
| **Музички емисии** | |
| **Денови на српската култура во РСМ** | |
| **Образовна** | |
| **Новогодишна** | |
| **Видик** | Информативна програма |

| | |
|---|---|
| **3 РЕДАКЦИЈА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК** | |
| **Музички емисии**<br>20 на годишно ниво | |
| **Сехара**<br>365 емисии на годишно ниво | |
| **Концерти**<br>-2 на годишно ниво | |
| **Новогодишна**<br>- 1 емисија | |
| **Документарни**<br>20 емисии.на годишно ниво | |
| **Образование**<br>20 емисии | |
| **Земјоделство**<br>**“У атару“**<br>10 емисии на годишно ново | |
| **Детски емисии**<br>-“Сехарчичи-дјечја радост“<br>-20 на годишно ниво | |
| **ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА** (филмови, серии, документарни филмови и анимирана програма) | Обработената програма се реализира согласно заедничката шема со другите програмски сервиси на МТВ |
| **Здравство**<br>-20 емисии на годишно ниво | |
| **Култура**<br>-Традиција и обичаји 30 емисии | |
| **Спорт**<br>**“Движи се“**<br>10 емисии | |
| **Религија**<br>**“Гласот на надежта“**<br>10 емисии | |
| **4 РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК** | |
| **Низ призмата на прозорецот**<br>- 10 емисии на год.ниво 30 мин. | |
| **Влашкиот мелос-**<br>- 10 емисии на год.ниво 30 мин. | |
| **Центри на влашката култура**<br>- 10 емисии на год.ниво 30 мин. | |

| | |
|---|---|
| **Дебати во живо**<br>- 10 емисии на год.ниво 30 мин. | Интерактивни емисија |
| **Во царството на децата**<br>- 6 емисии на год. ниво<br>30 мин. | |
| **Иднината, во рацете на младите**<br>-10 емисии на год. ниво<br>30 мин. | |
| **Во влашко маало**<br>-10 емисии на годишно ниво<br>30 мин. | Обичаите на влашката заедница |
| **Музички емисии**<br>-10 емисии на годишно ниво<br>30 мин. | |
| **Информативни емисии**<br>-156 емисии на год.ниво 15 мин | |
| **Новогодишна емисија**<br>- 1 емисија 60 мин. | |
| **ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА** (филмови, серии, документарни филмови и анимирана програма) | Обработената програма се реализира согласно заедничката шема со другите програмски сервиси на МТВ |
| **Детска новогодишна**<br>- 1 емисија 30 мин. | |
| **Денови на влашката култура**<br>- 1 емисија на годишно ниво | |
| **Концерти**<br>- 2 концерта на годишно ниво | |
| **Мал концерт**<br>- 3 мали концерти на годишно ниво | |
| **Фестивал**<br>- 1 на годишно ниво | |
| **Фестивал на детски песни**<br>- 1 фестивал | |
| **Етно фест**<br>- 2 фестивала | |
| **Национален ден на власите**<br>**1 емисија годишно** | |

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**ПЕТТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС– МРТ5 – ДЕТСКИ КАНАЛ**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ДИЈАНА ГОГОВА**

Петиот програмски сервис на МТВ е програмски сервис од општ формат со обврска за емитување на јазикот на којшто се емитува каналот, да емитува најмалку 12 часа програма, за употреба на јазикот, за изворно создадена програма на територијата на државата, како и за заштита на малолетната публика. Маркетингот во делот на детската програма не е дозволен.

Петтиот програмски сервис, МРТ 5, има за цел да обезбеди квалитетна, едукативна и забавна содржина за најмладата публика. Програмата, како и до сега, ќе биде внимателно осмислена за да одговара на развојните потреби на децата, да ја поттикнува нивната љубопитност, креативност и љубов кон знаењето.

Од едукативни серии и детски емисии, преку музички и културни содржини, до анимирани и документарни приказни – каналот ќе се стреми да биде безбедно медиумско место каде децата ќе учат, ќе се инспирираат и ќе се забавуваат.

Развивањето на медиумска писменост кај децата е една од најважните вештини на современото време, затоа преку едукативни формати, децата ќе имаат можност да научат како да препознаат точни и проверени информации, да прават разлика меѓу факти и мислења и како одговорно да користат дигитални медиуми.

Квалитетната телевизиска програма за деца може да биде значајна поддршка за родителите. Овие програми можат да бидат мост за заеднички активности и разговори помеѓу родителите и децата.

Визијата на МРТ5 е да биде сигурен пријател на децата, кој ќе им помогне да ја откријат својата личност, да ги развијат своите таленти и да ја негуваат љубовта кон знаењето, уметноста и општествените вредности.

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2026 година на Петтиот програмски сервис на Македонската телевизија во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| ПЕТТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС МРТ5 – ДЕТСКИ КАНАЛ | |
|---|---|
| **SBOH** | Училишна програма |
| **ЈЕСЦ - ЈУНИОРСКИ ЕВРОСОНГ** | Меѓународна манифестација |
| **АНИМИРАНИ СЕРИИ**<br>селекција на светски познати и наградувани анимирани серии, адаптирани и синхронизирани на македонски јазик, со што ќе им овозможи на децата да го слушаат и учат својот мајчин јазик, ќе обезбеди и јазична поддршка во процесот на едукација, преку проширување на вокабуларот и разбирање на правилната употреба на зборовите | анимирани серии за деца |
| **ДЕТСКИ КВИЗ** | Едукативен квиз за деца |
| **ИГРАНА СЕРИЈА** | Детска играна серија |
| **ЗАБАВНО МУЗИЧКА СЕРИЈА** | Серија за деца |
| **СЕРИСКА ПРОГРАМА ЗА ДЕЦА** | Играна програма |
| **СИ БИЛО ЕДНАШ** | Играна програма |
| **БОН ТОН** | Анимирана програма |
| **ЗАБАВНО ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА** | Емисии за млади кои обработуваат актуелни теми |
| **МИСЛАМ ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ** | Серија за млади |
| **МЕДИАТЕКА** | Серија за медиумска писменост |
| **ЕМИСИЈА ПОСВЕТЕНА НА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ** | Едукативна серија |
| **ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛИ** | -„Калинка"<br>-„Поточиња“<br>-„Распеано детство"<br>- „Весело штурче"<br>- други детски фестивали |
| **ЗНАЕТЕ ЛИ?** | Едукативна серија |
| **ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА**<br>Документарна програма прилагодена на интересите и возраста на децата | Едукативна програма |
| **ОПШТООБРАЗОВНИ ЕМИСИИ** | Емисиите обработуваат теми од општо образование |
| **ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ ЗА ДЕЦА** | |
| **ЗАВРШНИ БАЛЕТСКИ КОНЦЕРТИ** | |

| | |
|---|---|
| **ДЕТСКА НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА**<br>новогодишните емисии се секогаш најочекувани од децата, затоа новогодишната програма ќе биде внимателно осмислена за да внесе радост, топлина и волшебна атмосфера во домовите на децата | Забавно едукативна програма |
| **И ЈАС ИМАМ СВОИ ПРАВА**<br>**(работен наслов)** | Образовна емисија преку која се запознаваме со правата на децата |
| **КОВЧЕЖЕ**<br>**(**програма од архвата на МРТВ)<br>Во светот на бајките, Втората смена, Умни глави, Ајде да се дружиме, Чудовиштата од нашиот град, Опстанок, До Ре Ми, Девојките на Марко. Втората смена, Училиште за кловнови, Едно Лето, Чук Чук Стојанче, Случки од животот | Архивирани програмски материјали – играна програма, со што на новите генарации ќе им се доближат безвременските содржини кои ги негуваат традиционални вредности. |

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ 1**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: НЕМА**

Сателитскиот програмски сервис на МТВ1, емитува 24 часовна програма. Програмскиот концепт е адаптиран на часовните зони и се аплицира преку моделот 8+8+8 со утврден програмски концепт, подготвена шема и надгледување.

Во 2026 година МРТСат1 ќе продолжи да ја остварува својата мисија:

- да биде цврста врска меѓу татковината и се' побројната дијаспора преку емитување емисии за изучување и негување на македонскиот јазик, зачувување и зајакнување на македонскиот идентитет и духовните вредности како и навремено и објективно информирање за актуелните општествено-политички случувања и економскиот развој заради поттикнување на враќањето на иселениците;
- да ги претставува македонското културно- историско наследство и природните убавни пред целиот свет

МТВСат1, која се емитува единствено on line преку веб порталот на МРТ, во својата понуда вклучува внимателно одбрани содржини од следниве извори:

- директно преземање или одложено емитување на актуелните содржини и емисии од сопствена продукција на МТВ1
- емисии од домашна копродукција на МТВ
- емисии од надворешна продукција со право на емитување
- емисии од сопствена продукција на МТВСат1

Сателитскиот програмски сервис на МТВ 1 како посебна работна единица функционира со две вработени лица од кои едното лице е ангажиран на креирање на програмската шема и комплетна подготовка на плеј листата.

Во предлог програмата за работа за 2026 се наведени типот на емисии и нивниот концепт, како и динамиката на емитување која зависи од доделените термини за снимање и монтажа, а кои во изминатите години многу ретко или воопшто не се добиваа.

| НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА | ОПИС |
|---|---|
| **САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ 1** | |
| **ЕМИСИИ ОД СОПСТВЕНА ПРОДУКЦИЈА** | |
| **Македонски вредности** | Теми од областа на културата и етнологијата. |
| **Слово** | Кратки 5 минутни емисии со фокус на пораките од библиските текстови и поговорки  кои имаат универзална важност и мудрост. |
| **Сведоштва** | Документарни емисии посветени на животот и делото на истакнати личности и претставување на придонесот од дејноста на значајни институции. |
| **Директни преноси и одложени снимки** | Директни преноси односно одложени снимки на важни настани во Македонија од интерес за иселениците. |

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**САТЕЛИТСКИ СЕРВИС НА МТВ 2**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК, Мерита Дулатаху**

Во текот на 2026 г. Сателитскиот Програмски Сервис на МТВ2 ќе продолжи да ја емитува 24 часовната програма онлине преку web порталот на МТВ2, со утврден програмски концепт според моделот 8+8+8 ,со подготвена шема и надгледување, и тоа од следниве извори:

-Директно преземање или одложено емитување на актуелните содржини и емисии кои се од сопствена продукција на Вториот Програмски Сервис на МТВ;

- Домашна копродукција на МТВ 2 ;

- Емисии од надворешна продукција со право на емитување;

-Емисии од сопствена продукција на Сателитскиот Програмски Сервис на МТВ2.

Сателитскиот Програмски Сервис на МТВ2 пресметано временски превзема и реемитува дневно 7 до 9 часа премиерна и репризна програма од Вториот Програмски Сервис. За време на спортските натпревари кои се емитуваат на МТВ2 а пак кои содржини МТВ САТ2 не смее да ги емитува, САТ 2 од програмата на МТВ2 превзема 3-4 часа премиерна или репризна програма. Сателитскиот Сервис на МТВ2 има програмски појаси кои се пополнуваат со емисии од МТВ 2 како и од сопствената продукција како и реемитувани емисии и архивски материјали кои впрочем се дел од архивата на МТВ САТ2, по нивното дигитализирање на стотина емисии.

Сателитскиот програмски сервис на МТВ2 како посебна работна единица функционира со двајца вработени, главен и одговорен уредник на МТВ САТ2 и еден новинар 3.

Впрочем, бројката од двајца вработени во МТВ САТ 2 многу бргу ќе се сведе на еден вработен, со заминување во пензија на Одговорниот уредник во 2026 г.

Приоритетите за непречена реализација на зацртаниот програмски концепт на Сателитскиот сервис на МТВ2 во 2026 година се:

- Зголемување на бројот на вработени;
- Емитување на програмата преку сателит и онлајн;
- Евидентичар на програмата на МТВ САТ2 во Одделението за координација, евиденција и истражување на МТВ.
- Техничка екипираност и буџет за реализација на емисиите од сопствена продукција;
- Реновирање на просториите на режијата од каде зрачи програмата на МТВ САТ2;

Со оглед на кадровската екипираност и финансиските можности, Сателитскиот сервис на МТВ2 за 2026 год. ги планира овие програмски содржини како дел од сопствената продукција:

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2026 година на Сателитскиот програмски сервис на МТВ 2 во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА** | **ОПИС** |
|---|---|
| **САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МРТ 2** | |
| **ЕМИСИИ ОД СОПСТВЕНА ПРОДУКЦИЈА** | |
| **“MË AFËR„ (Поблиску)** | Репортажи, емисии реализирани во дијаспората.Целта е афирмирање на видните успеси на нашите сограѓани од дијаспората и пресликувањето на нивниот живот таму. |
| **“VATRA IME” (Моето огниште)** | Реализацијата на репортажите низ земјата, посебно во летниот период кога нашите сограѓани престојуваат во РСМ. |
| **“VENDLINDJA IME” (Мојот роден крај)** | Во серијалот се презентираат видео материјали и информации за природни реткости, културно-историски споменици и атрактивни локации |
| **Директни преноси и одложени снимки** | Директни преноси односно одложени снимки на важни настани во Македонија од интерес за иселениците како и директни преноси од верските настани и повремено на спортски настани.(со право на емитување) |
| **Фестивали** | Музички фестивали, одбележување на настани од интерес меѓу иселениците , детски фестивали, верски настани и др. |

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**СОБРАНИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: АНЕТА АНДОНОВА**

Работата на Собранискиот канал е регулирана со Закон за Собранието на Република Македонија донесен во 2009 година (Сл. весник на Република Македонија бр.104/2009) и со неговите измени и дополнувања во 2021 година (Сл. весник на Република Северна Македонија бр.174/2021), како и со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Реформата на Собранискиот канал е дел од стратешката цел – Отворен парламент, во Стратешкиот план на Собранието, при што во сегментот „Подобрената ИКТ инфраструктура“ е предвиден „Целосно функционален Собраниски ТВ канал“, како дел од Акцискиот план на Партнерството за отворена власт на Собранието. Согласно член 32 точка 5 од Законот за Собранието на Република Македонија, Собранието обезбедува услови за пренос на телевизиски сигнал до јавниот радиодифузен сервис, а јавниот радиодифузен сервис до крајните корисници. Согласно член 32-б, Собранието склучува договор со јавниот радиодифузен сервис за емитување на активностите на Собранието и на другите програмски содржини на Собранискиот канал. Согласно точка 2 од истиот член, Собранието може да воспостави соработка за преземање програмски содржини, коишто ќе се емитуваат на Собранискиот канал, врз основа на одлука на Советот на Собранискиот канал. Уредувачката одговорност на Собранискиот канал ја има јавниот радиодифузен сервис, ЈРП МРТ којшто е должен да постапува согласно годишната програма за содржините на програмите на Собранискиот канал и согласно одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Програмската шема на Собранискиот канал се усогласува со Советот на Собранискиот канал на начин утврден со Законот за Собранието на Република Македонија и договорот кој Собранието го склучува со јавниот радиодифузен сервис.

Со емитуваната програма на Собранискиот канал граѓаните навремено, точно и објективно ќе бидат информирани за работата на претседателот на Собранието, генералниот секретар, пратениците, за средби со меѓународни и домашни петставници и за донесените закони. Преку Собранискиот канал граѓаните ќе се запознаваат за неговите надлежности, одлуките, декларациите, резолуциите, препораките, заклучоците и за основата на органите и телата на институцијата. Навремено ќе бидат информирани за пратеничките прашања, за интерпелациите, доверба на Владата и работата на анкетните комисии, за одлуките кои пратениците ќе ги донесат за други носители на јавни функции одговорни пред Собранието. Претставени се и организираните надзорни расправи преку кои се воспоставува надзор над спроведувањето на политиките и извршувањето на законите. Исто така

преку Собранискиот канал ќе се известува и за парламентарната дипломатија која се одвива преку 11 делегации во меѓународни парламентарни собранија и други мултилатерални форуми. Од 25.1.2024 година, Собранискиото студио во рамки на Собранието на РСМ започна со сопствена продукциска програма, а од 1.12.2024 година Собранискиот сервис – Собраниски канал на ЈРП МРТ започна со емитување на 24 часовна програма. Емитуваната програма на Јавниот радиодифузен сервис е секогаш во корелација со произведената програма на Собранискиото студио.

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2026 година на Собранискиот програмски сервис на Македонската телевизија во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Програмски содржини на Собранискотo студио**

1. „**Вести“ -** се емитуваат три пати дневно секој работен ден: во 10.30, 14.30 и 18.30 часот, за викенд (сабота и недела) и во време кога Собранието не заседава поради изборни активности, во 12 часот.
2. „**Собраниска ризница“** е документарна емисија која го опфаќа историјатот на содржините во Собраниската зграда (собраниските сали - Охридска, Струшка, Кристална, Уставна), холот на портрети на 3 поранешни претседатели, на добиените подароци, слики итн.
3. **„Законодавен брифинг“** е емисија од информативен карактер. Во неа ќе бидат презентирани Предлог законите и донесените закони. Целта на оваа емисија е јавноста да биде целосно и изворно информирана за целите на предложените закони кои влегуваат во законодавна постапка и нивната конечна содржина кога ќе бидат изгласани од Собранието.
4. **„Интервју“** е информативна емисија со која што преку конкретен новинарски жанр се претставува стратегијата по одредени прашања на претседателот, потпретседателите на Собранието на Република Северна Македонија, на координаторите на пратенички групи во Собранието, како и на генералниот секретар на Собранието и неговите заменици. Планирани се интервјуа со клучните раководители во државата, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Владата на Република Северна Македонија како и со поранешни претседатели на Собранието.
5. **Бесплатно политичко претставување на кандидатите**. Согласно одредбите од Изборниот законик за време на избори на Собранискиот канал ќе се врши емитување на бесплатно политичко претставување на кандидатите (во соработка со МРТ). Согласно член 76-а став (8) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18,

99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21): „Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија во времетраење од по три часа ќе обезбеди бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија, како и еден час за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието на Република Македонија. Во однос на користењето на трите часа односно на едниот час, учесниците во кампањата можат да одлучат да доставаат снимен материјал од своите активности за спроведување на изборната кампања или своето време може да го искористат и за директно обраќање од студио“.

6. **„Вашиот пратеник“** е емисија од информативен карактер и е своевидна лична карта за секој народен пратеник.Тоа ќе биде и осврт кон сработеното и кон реализираните активности на пратеникот во Собранието**.** Ќе биде претставена нивната партиска припадност, место и изборна единица која ја претставуваат.
7. **„Парламентарен економски брифинг“** е информативно - дебатната емисија која се однесува на законите од економските области. Концептот на емисијата е да се повикаат на дебата предлагачот на законот ако е пратеник и еден пратеник од спротивставената политичка опција. Ако предлагач е Владата тогаш се повикуваат по еден пратеник од позицијата и од опозицијата. И во двата случаи се повикуваат и претставници на засегнатите страни на кои се однесува законот (претставници на организации – комори, синдикати, здруженија и др.) кои ги застапуваат интересите на целните групи на кои се однесува законот (засегнати страни). Пратениците се повикуваат согласно нивната припадност во надлежните комисии на кои се разгледува предметниот законот при што се известуваат и координаторите на пратеничките групи.
8. „**Парламентарен караван“** е емисија за настан кој го организира Собранието, чија цел е да го претстави Собранието како отворена, одговорна и транспарентна институција преку приближување на законодавната власт до граѓаните и да овозможи поголема вклученост на јавноста во демократската дебата и во подготовката на законски решенија кои ќе го подобрат животот. Со цел да се апострофира одговорноста на законодавниот дом пред граѓаните, преку разни активности во централните места во градовите и во општините ќе се испратат клучните пораки од манифестацијата „Собранието за граѓаните“ и „Отворено и одговорно“. Парламентарниот караван ќе обезбеди присуство на пратениците во општините или во изборните единици од каде што се избрани. Тоа е

можност, пратениците да ги слушнат впечатоците на граѓаните за работата на Собранието и да се запознаат со проблемите кои бараат законодавна иницијатива.

9. Согласно законските предвидените содржини, програмата ќе се збогати со настани во Европскиот парламент, Организацијата на Обединетите Нации и други меѓународни организации.
10. Програмата ќе се дополни и со содржини од едукативен, документарен и историски карактер кои би произлегле како резултат на соработка со други парламентарни канали.
11. Програмските содржини предвидуваат и други информативни емисии кои ќе се изготват во соработка со Парламентарниот институт (врз основа на нивните анализи, како е што е иконографик за родова застапеност на пратениците, анализи за климатски промени компаративни прегледи и анализи на различни теми од повеќе парламенти што би биле опфатени со информативна емисија со наслов „**Собраниски истражувања“** или други пригодни информативно едукативни содржини.
12. **„Собранието одблизу“** емисија чиј концепт опфаќа статистика за парламентарните избори, изборачкото право и историјата на парламентаризмот.
13. Програмски содржини кои ќе се изготвуваат во соработка со **Националниот демократски институт – НДИ и со Швајцарската амбасада** кои се финансиери на Програмата за парламентарна поддршка на Собранието на Република Северна Македонија и донатори на ТВ опремата во Собраниското студио.

| Термини | Наслов на содржините | Образложение | Вид на продукција |
|---|---|---|---|
| **Вестите на Собраниското студио се емитуваат три пати дневно во текот работната недела: во 10.30 часот, 14.30 и 18.30 минути, за викенд (сабота и недела) во 12 часот и во време кога Собранието не заседава поради изборни активности.** | | | |
| Емитување секој работен ден од 10.30 часот, 14.30 и 18.30 часот, во траење од 10 до 15 минути. | Утрински/ пладневни/ попладневни вести. | - Информации од дневната собраниска агенда;<br>- Пленарни седници;<br>- Собраниски комисии,<br>- Јавни дебати;<br>- Координации на пратенички групи;<br>- Тековни активности и средби на претседателот на Собранието; | Во продукција на Собраниското студио |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | -Обраќање во Собранието на високи странски и домашни државни претставници (претседатели на собрание, претседатели на држави, претставници на ЕУ и ЕК, НАТО и др.) ;<br>- Активности на парламентарни делегации во странство ;<br>- Доделување на државни награди, свечености, и други активности организирани за различни поводи. | |
| Емитување вести за време на законски предвидениот рок за кампањата | Бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии. | Бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии во периодот од 16.30 до 23.00 часот во времетраење од по три часа за кампањите на политичките партии застапени во Собранието и по еден час за кампањите на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието; | |
| **За време на викенд односно сабота и недела ќе се емитуваат две емисии (10.30 и во18.30): - „Неделен преглед“ - преглед на сите настани и активности во Собранието кои се случиле во текот на претходната работна недела, во траење од 15-20 минути.**<br>**------------------------------------------------------------------------------------------------------------**<br>**„Собраниска агенда“ - најава на настани и активности во Собранието за наредната седмица, во траење од 10-15 минути, кое ќе се емитува во недела 14.30 и реприза во 18.30 часот. Во текот на викендот, во пригодни термини ќе се емитуваат и репризираат информативни и документарни емисии.** | | | |
| **Вести кога Собранието не заседава поради изборни активности или пак нема други закажани активности на дневниот ред од собраниската агенда** | | | |
| Емитување секој работен ден (два пати), од 10.30 часот и 14.30 часот | Утрински и пладневни вести. | - Информативна емисија за изборните правила произлезени од Изборниот законик за активности на пратениците; | |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>- Информации од Уставот предвиден за изборни активности, информации кои произлегуваат од Државната изборна комисија;<br>- Информации произлезени од работата на ААВМУ.<br>- Информации од Народниот правобранител, Европскиот парламент, ООН и од други меѓународни организации;<br>-Информации од активностите на Собранието;<br>- Информации кои произлегуваат од Државната изборна комисија .</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">„Собраниска ризница“ е документарна емисија која го опфаќа историјатот на содржините во Собраниската зграда (собраниските сали - Охридска, Струшка, Кристална, Уставна), холот на портрети на 3 поранешни претседатели, добиените подароци, слики итн.</td></tr>
<tr><td>Емитување секој ден во траење од 5 до 7 минути.</td><td>Документарна емисија со информации и интервјуа. (Студио + прилог)</td><td>- За знаменитостите во собраниската зграда (Охридската сала, Струшка сала, Сала „Македонија“, Уставна сала, Кристална сала, Сала на портретите) и други;<br>- Подароци, уметнички слики, архивски значајни документи во сопственост на Собранието;<br>-Информации од Европскиот парламент, ООН и други меѓународни организации.<br>- Други информации од активностите на Собранието;<br>- Значајни одлуки, законски измени на Уставот и други акти донесени од пратениците, од парламентарните состави во минатото и сега, емисии за ликот и делото на претседателите на Собранието, значајни одлуки итн.</td><td>Во продукција на Собранискиот канал</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| **„Законодавен брифинг“ е емисија од информативен карактер. Во неа ќе бидат презентирани предлог законите и донесените закони. Целта на оваа емисија е јавноста да биде целосно и изворно информирана за целите на предложените закони кои влегуваат во законодавна постапка и нивната конечна содржина кога ќе бидат изгласани од Собранието, онака како што се формулирани целите на законот од страна на предлагачите.** | | | |
| Емитување три пати во неделата, во траење од 10 до 20 минути. | Информативна емисија | -Емисија за предлог законите, законите кои се во постапка на донесување и за веќе донесените закони. | Во продукција на Собранискиот канал |
| „**Интервју“ е информативна емисија со која што преку конкретен новинарски жанр се претставува стратегијата по одредени прашања на претседателот и потпретседателите на Собранието на Република Северна Македонија и на координаторите на пратенички групи во Собранието, како и на генералниот секретар на Собранието и неговите заменици. Планирани се интервјуа со клучните раководители во државата, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Владата на Република Северна Македонија, со поранешни претседатели на Собранието и со раководители на организации кои учествуваат во законодавниот процес.** | | | |
| Емитување во однапред утврдени термини, во траење од 30 минути. | Информативна емисија | - Интервјуа со претседателот и потпретседателите на Собранието на РС Македонија, координаторите на пратенички групи во Собранието, како и со генералниот секретар на Собранието и неговите заменици;<br>- Интервјуа со клучните раководители во државата, претседателот на РС Македонија и претседателот на Владата на РС Македонија;<br>- Интервјуа со поранешни претседатели на Собранието;<br>- Интервјуа со раководители на организации кои учествуваат во законодавниот процес. | Во продукција на Собранискиот канал |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **„Вашиот пратеник“ е емисија од информативен карактер и е своевидна лична карта за секој народен пратеник.Тоа ќе биде и осврт кон сработеното и кон реализираните активности на пратеникот во Собранието.** | | | |
| Емитување секој работен ден и репризно за време на викендите. | Информативна емисија | -Интервју, разговор со пратениците преку кој истите ќе се претставаат пред граѓаните. | Во продукција на Собранискиот канал |
| **„Парламентарен караван“ е емисија за настан кој го организира Собранието, чија цел е да го претстави Собранието како отворена, одговорна и транспарентна институција преку приближување на законодавната власт до граѓаните и да овозможи поголема вклученост на јавноста во демократската дебата и во подготовката на законски решенија кои ќе го подобрат животот.** | | | |
| Емитување во однапред утврдени термини со траење до 15 минути | Репортажа | -Посета на повеќе градови низ Македонија.<br>-Присуство на пратениците во општините или во изборните единици од каде што се избрани. Тоа е можност, пратениците да ги слушнат впечатоците на граѓаните за работата на Собранието и да се запознаат со проблемите кои бараат законодавна иницијатива.<br>-Активности во централните места во градовите и општините каде ќе се испрати клучна порака на манифестацијата „Собранието за граѓаните“ и „Отворено и одговорно“, а со цел да се подвлече дека законодавниот дом е одговорен како институција пред граѓаните. | Во продукција на Собранискиот канал |
| **„Парламентарен економски брифинг“ е информативно - дебатната емисија се однесува на законите од економските области. Концептот на емисијата предвидува дебата со предлагачот на законот ако е пратеник и еден пратеник од спротивставената политичка опција. Ако предлагач е Владата тогаш се повикуваат по еден пратеник од позицијата и од опозицијата. И во двата случаи се повикуваат и претставници на засегнатите страни на кои се однесува законот (претставници на организации –** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **комори, синдикати, здруженија и др).Пратениците се повикуваат согласно нивната припадност во надлежните комисии на кои се разгледува предметниот закон.** | | | |
| Емитување во однапред утврдени термини сотраење до 30 минути | Информативна емисија | -Дебата со со предлагачот на законот ако е пратеник и еден пратеник од спротивставената политичка опција. | Во продукција на Собранискиот канал |
| 24-часовната програма на Собранискиот сервис е комплетирана со програма од богатата архива на Македонската телевизија, која што, во време кога сè е подредено на рејтинг и на сензационализам, има вонвременска вредност. Програма не е само обично надополнување туку со својата содржина ги следи или допира темите кои се обработени во продукциската програма на Собраниското студио. | | | |
| Емитување во точно утврдени термини | Документарни и образовни емисии | -Домашна документарна програма:<br>- Убавите села<br>- Разгледници од Европа<br>-Музичка индустрија<br>- Македонија од воздух<br>- Најубавите цркви и џамии во Македонија<br>- Историја на македонската музика<br>- Технолошки центар<br>- Приказна<br>- Трафика<br>- Мостовите на Вардар<br>- Скопските маала<br>- Мојот драмски<br>- Тоа беше добар филм<br>- Најпознатите војводи<br>- Тереза и јас<br>- Општообразовни емисии<br>- Популарна и народна музика | Во продукција на МРТ |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**
**ПРВ ПРОГРАСКИ СЕРВИС – РАДИО СКОПЈЕ**
**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: НАТАША АНДРЕЕСКА**

Првиот програмски сервис на Македонското радио – Радио Скопје е радиопрограмски сервис од општ формат и е првиот и најстар електронски медиум во земјава, кој континуирано информира, едуцира и забавува уште од 1944 година. Како дел од Македонската радио-телевизија, Радио Скопје емитува разновидна програма што опфаќа информативни, културно-уметнички, едукативни, забавни и музички содржини. Преку своите програми обезбедува навремени и точни информации, поттикнува развој на македонскиот јазик и култура, и служи како медиум што ги поврзува граѓаните со актуелните општествени, културни и јавни настани.

Со процесот на дигитализација, Радио Скопје ќе го прошири својот досег и ќе стане подостапно за поширока публика преку интернет-стриминг, мобилни апликации и социјални мрежи. Дигиталната трансформација овозможува поголема интерактивност со слушателите, поефикасно архивирање и споделување на содржини, како и создавање нови формати што ги следат современите медиумски трендови.

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2026 година на Првиот програмски сервис на Македонската телевизија во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА | ОПИС |
|---|---|
| **ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | |
| **I-РЕДАКЦИЈА НА ДНЕВНИ ИНФОРМАЦИИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА МРА** | |
| **1-ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА** | |
| **Вести и Полноќен информатор**<br>5 минути целогодишна динамика | Се емитуваат во 10.00,17.00 и 24.00 часот |

| | |
|---|---|
| **Вести на Прва -кратки вести до 3 мин.**<br>Целогодишна динамика | Се емитуваат во 8.00,9.00,11.00,13.00,14.00 часот |
| **Радио весници -Точно напладне,**<br>**Пладневен радио весник,**<br>**Прес 19,**<br>**Радио 22**<br>**(до 30 мин)**<br>Целогодишна динамика | Се емитуваат во 12.00, 15.30,<br>19.00, 22.00 часот |
| **2- РЕДАКЦИЈА НА АКТУЕЛНОСТИ - ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА** | |
| **Актуелно**<br>-60 минутна,секој работен ден | Дебати,гостувања,разговори,интервјуа на политички теми и актуелни збиднувања |
| **ЗУМ-ИНФО**<br>-30 минутна, од понеделник до петок | Дневно издвоени настани |
| **Радио Спектар**<br>Саботна, 150 минутна | Информативен магазин со теми од политика,колумни, економија,репортажи, култура... |
| **3-УТРИНСКА РЕДАКЦИЈА** | |
| **Утринска на прва-Хрономер**<br>Целогодишна динамика - 5 дена во седмицата од 7.00 до 10.00<br><br>Светска музичка сцена | Дневни сервисни информации...<br><br>Верски календар<br><br>Деновиве пред години<br><br>Астрономски календар<br><br>Најнови вести и инфомации од светот на музиката |
| Новинарски-авторски<br>60 минутни емисии секој ден од понеделник до петок,<br><br>**-Тука околу нас,**<br><br>**-Чувари на здравјето,**<br><br>**-Музички автограм**<br><br>**-Во живо и гласно**<br><br>**-Роднокрајна убавина** | Претпладневни емисии посветени на различни теми од нашето секојдневие реализирани преку<br>-интервјуа со стручњаци од разни области,<br><br>-снимени разговори,<br><br>-интересни соговорници, |

| | |
|---|---|
| Од 14.05 до 15.00<br>**Зборуваме македонски**-емисија (понеделник и среда) | -телефонски разговори,<br>-портрети |
| Светски мистерии-55 минутна емисија<br>секој четврток од 14.05 часот, | Неразјаснети докрај приказни од планетата земја |
| **Везилка**- музичка емисија од 14.05,секој петок.Трае 55 мин.<br>**Хит микс**-секој вторник од 14.05 мин. | Актуелни настани од областа на народната музика |
| **4 - РЕДАКЦИЈА ЗА ЕКОНОМИЈА, ПРЕТПРИЕМНИШТВО И МЕНАЏМЕНТ** | |
| **Виножито**<br>55 минутна, недела од 7.00 ч.-60мин. | Емисија за земјоделство |
| **5-СПОРТСКА РЕДАКЦИЈА** | |
| **Спорт, музика,- спорт**<br>-55 минутна, неделно,од 17.05 | Емисијата е преглед на најважните спортски настани кај нас и во светот, директни преноси од наши клубови и репрезентации |
| Спортска вечер-директни преноси од 5 до 10 на годишно ниво<br>**------------------------**<br>Спортски блок во вести во 10.00,15.30 и Радио 22<br>------------------------<br>Спортски актуелности во Утринска на Прва, | Анализа на актуелните спортски настани кај нас и во светот, најава на претстојните значајни спортски натпревари |

## РЕДАКЦИЈА ЗА ДЕТСКА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Детско катче** - секој работен ден од 12.40 часот | Детска музика |
| **Радио театар за деца**<br>55 минути-секоја недела од 12.00 | Културна едукација за децата од училишна возраст |

## НАУЧНО ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА

| | |
|---|---|
| **Историски фокус**<br>**-**25 минутна, сабота,од 8.00ч. | Емисија посветена на портрети и процеси од македонското историско минато |
| **Од нашиот незаборав**<br>-30 минутна, секој понеделник,од 18.20 часот | Емисија за револуционерното минато на македонскиот народ |
| **Траги во времето**<br>55 минутна, секоја недела од<br>9.00 ч | Портрети на истакнати творци од различни области на општественото живеење |
| **Простор,збор и време**<br>-120 минутна, секој работен ден од 01-03 часот | Емисија за литературни и културни дејци од минатото и сегашноста |
| **Огледи и погледи**<br>-30 минутна секој вторник,18.20 часот<br><br>**Православна ризница**<br>-30 минути, секоја среда,18.20 | Осврти за писатели од светски глас,<br>Поуки за православието кај нас и пошироко, |

## КУЛТУРНА  ПРОГРАМА

## РЕДАКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

| | |
|---|---|
| **Културна клучалка**<br>-55 минутна , секој работен ден<br><br>**Минути за култура- Радио спектар**<br><br>-15 минути, саботно | Емисија од културата, најави, изјави за културните настани, личности, промоции на културни вредности, афирмација на автори итн.<br><br>Емисија од културата, рецензии, осврти,<br><br>Избор на културни настани што ја одбележале седмицата |

## МУЗИЧКА ПРОГРАМА - РЕДАКЦИЈА ЗА ПОПУЛАРНА МУЗИКА И РЕДАКЦИЈА ЗА КЛАСИЧНА МУЗИКА

| | |
|---|---|
| Илустрација и избор на музика во сите програмски појаси<br>(24 часа) | |
| Изработка на шпици и џинглови за МРА-Радио Скопје<br>(по потреба) | |
| **Сериозна музика**<br>-ФМ Класик –петок-18.30.-25 мин.<br>-Од авторскиот опус-сабота-1.00 ч.-60 мин.<br>-Романтично пијано-недела -4.20 часот-20 мин.<br>-Музички вињети (секој ден) 10 до 15 мин. | Од светската класична сцена и од македонски автори на класиката... |

| | |
|---|---|
| -Музика Вива-од вторник до сабота -4.00часот - 60 мин<br>-Од Македонското музичко творештво-понеделник 4.00 часот- 60 мин.<br>-Музички калеидоскоп,среда, 2.00ч. 60 мин.<br>-Филхармонија на прва- вторник 12.05-55 мин. | |
| **Народна музика**<br>-Запеало славеј пиле - секој работен ден од 5.00 - 20 мин.<br>-**Песна пејам македонска**- секој раб.ден од 5.40 - 20 мин.<br><br>-**Фолклорна естрада**-понеделник од 3.00 ч.-60 мин.<br>-**Песни на мојата душа**-четврток од 20 ч.-120 мин.<br>-**Неделен фолк подиум**-недела-13.00ч.-60 мин.<br>-**Фолклорен времеплов**-недела-8.00ч.-30 мин. | Фолклорна традиционална музика и современи естрадни фолк рефрени... |
| **Забавна музика**<br>-Сината птица, петок,19.30 филмска музика ,30 мин.<br>-Звучна разгледница во четврток во 21 часот,<br>-Џез и блуз-вторник-21.00-60 мин.<br>-Хит микс-вторник-14.00ч.-60 м.<br>-На рандеву со звукот на минатото-недела,18.00ч-60мин.<br>-Евровизиски рефрени,сабота-15.00ч-30мин.<br>-Приказни на една нота,<br>-Песни на една младост,60 минути, 16.00 ч.<br>-Петка навечер-петок 20.00ч. | Фестивалски рефрени,најава на нови светски и домашни синглови,промоција на албуми,следење на актуелни настани од музичката домашна и странска сцена... |
| Фестивали и други менифестации<br><br>на МРА-Радио Скопје | Заеднички со Првиот програмски сервис на Македонска телевизија |
| **НЕДЕЛНА ЕМИСИЈА И НОЌНА ПРОГРАМА** | |
| Ноќна програма- **Ритамот на ноќта**<br>секој работен ден и избрано за викенд од 22.30 до 01.00 | Програма со најразлични теми од секојдневието, општествениот живот, музичкото живеење со гости во студио и одбрана забавна музика за добро расположение |
| Неделно попладне<br>**Со отворени едра-Чекајќи го ветрот** ,14.30 до 16.00 ч. | Викенд програма со различни содржини за целото семејство, релаксирачка програма со репортажи,разговори и одбрана музика |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**

**ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ЗОРАН МИРЧЕВСКИ**

Вториот програмски сервис на Македонското радио – Радио 2 е општ радио програмски сервис од говорно-музички формат и од аспект на програмските содржини е најприлагоден до младата популација. Со блиска комуникација со публиката преку отворени програми, Радио 2 лесно добива информации за желбите на своите слушатели. Покрај најновите и најактуелните хитови од светските и од домашните топ листи, Радио 2 емитува и сервисни информации.

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2026 година на Вториот програмски сервис на Македонското радио во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| НАСЛОВ НА ЕМИСИЈАТА | ОПИС |
|---|---|
| **БУДЕЊЕ СО ТИК ТАК и ЗОРКА Утринска програма**<br><br>07.30 – 09.30<br><br>понеделник - петок | Сервисни информации (УХМР/АМСМ), роденденски честитки на познати личности, информации од домашни и светски новински агенции, рубрика “Разговараме на тема...”, анкети, занимливости, осврти на настани што го одбележале претходниот ден... |
| **РИТАМ НА ДЕНОТ (Предпладневна програма)**<br><br>10.00 – 12.00<br><br>понеделник – петок | Сервисни информации (УХМР/АМСМ), директни телефонски јавувања од прес конференции и промоции, најнови информации од спортот, Флеш вести, секојдневни рубрики:<br>- културен информатор<br>- совети за здрав живот<br>- каде се и што прават денеска<br>- иста бранова должина (соработка со колеги новинари од другите градови низ Републикава)... |
| **ТОЧНО НАПЛАДНЕ (музичка)**<br>понеделник - сабота<br><br>12:00 – 13:00 | Специјализирана емисија за македонска музика. Промовирање на нови, млади изведувачи, нови синглови и албуми, разговори со гости во студио, директни јавувања од промоции, информации за случувања поврзани со домашната музичка сцена. |
| **ИВАНА на РАДИО 2 (забавна)**<br>Понеделник - петок<br>13:00 – 15:00 | Занимливости, практични совети, секојдневни актуелности |

| | |
|---|---|
| **ВОЗЕЊЕ СО РАДИО 2**<br>**(контактно – забавна)**<br><br>понеделник – петок<br>15:00 – 17:00 | Сервисни информации за состојба на патишта,најава за дневни и вечерни настани, вклучување соговорници, актуелни информации и занимливости |
| **УСПОРИ МАЛКИ**<br>**(информативно – забавна)**<br>понеделник – петок<br>17:00 – 18:00 | Култура на движење,жќивотна средина, одржливо живеење, здравје |
| **ВИКЕНДИЧКА**<br>**(Викенд програма)**<br>**контактно – забавна**<br><br>**сабота и недела**<br>**09.00 – 12.00** | Актуелни информации за настани што се случуваат во деновите од викендот, директни јавувања од настани, занимливости, сервисни информации (УХМР/АМСМ) |
| **АЛБАТРОС**<br>**(музичка)**<br><br>**сабота и недела**<br>**(19.00 – 20.00)** | Емисија посветена на евергрин музика. Каде се и што прават некогаш познатите пејачи и групи (македонски и екс ЈУ) кои познати музичари се родиле на денешен ден... |
| **ЗАВОДЛИВА КВЕЧЕРИНА**<br>(музичко – поетска)<br>**Понеделник – петок**<br>**19 – 20 часот** | Љубовна поезија надополнета со сензуална музика |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**

**ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: СЕБАХАТ НУХИУ**

Трет програмски сервис- Програма на албански јазик “Радио Скопје” за 2026 година е програмски сервис од општ формат и емитува програма за сите возрасти и од сите области за да се обезбеди континуирано и квалитетно покривање на сите сегменти од живеењето се со цел обезбедување на јавниот интерес за 20% од населението кое говори јазик различен од македонскиот јазик во државата.

Интенцијата е овој Програмски сервис да добие сопствени фреквенции и да емитува 24-часовна програма.

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2026 година на Третиот програмски сервис на Македонското радио во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА** | **ОПИС** |
|---|---|
| **ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК** | |
| **ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА** | |
| **ВЕСТИ** | |
| **ФЛЕШ ВЕСТИ** | |
| **РАДИО ДНЕВНИК** | |
| **РЕДАКЦИЈА ЗА ВНАТРЕШНА И НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА** | |
| **БЕЗ ГРАНИЦИ** | Радио Скопје,Тирана, Приштина |

| | |
|---|---|
| **АКТУЕЛНОСТИ** | |
| **ТЕЛОТО И ЗДРАВЈЕТО** | |
| **РЕДАКЦИЈА ЗА СТОПАНСТВО, ПРЕТПРИЕМНИШТВО И МЕНАЏМЕНТ** | |
| **ЕКОНОМИЈА** | |
| **ТУРИЗАМ И БИЗНИС** | |
| **УТРИНСКА ПРОГРАМА** | |
| **ОТВОРЕНА УТРИНСКА ПРОГРАМА** | |
| **ЗАПОЧНИ ГО ДЕНОТ** | |
| **КУЛТУРНО-ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА** | |
| **РЕДАКЦИЈА ЗА КУЛТУРА** | |
| **КУЛТУРЕН МОЗАИК** | |
| **ГЛАСОТ НА ЖЕНАТА** | |
| **ОТВОРЕН МИКРОФОН** | |
| **НАШАТА РИЗНИЦА** | |
| **РЕДАКЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | |

| | |
|---|---|
| ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДУКАЦИЈА | |
| ВЕРСКА ЕМИСИЈА | |
| ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА | |
| ХОРИЗОНТИ НА ЗНАЕЊЕТО | |
| ЗАБАВНО-РЕКРЕАТИВНА ПРОГРАМА | |
| ЗАБАВНО-СПОРТСКА РЕДАКЦИЈА | |
| СПОРТСКО НЕДЕЛНО ПОПЛАДНЕ | |
| МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА | |
| НАРОДНА МУЗИКА | |
| ЗАБАВНА МУЗИКА | |
| ЕМИСИЈА ОД ОПУСОТ -<br>КЛАСИЧНА МУЗИКА | |
| ФОЛКЛОРНА МУЗИКА | |
| ДЕТСКА МУЗИКА | |
| ЗВУЦИТЕ НА СРЦЕТО | |
| СО ДОАЈЕНИТЕ НА ЗАБАВНАТА МУЗИКА | |

| | |
|---|---|
| **СО ДОАЈЕНИТЕ НА НАРОДНАТА МУЗИКА** | |
| **ДЕТСКА РЕДАКЦИЈА** | |
| **ОД ЦВЕТ НА ЦВЕТ** | |
| **РАДИО ПРИКАЗНИ** | |
| **ВО СВЕТОТ НА ДЕЦАТА** | |
| **ЕМИСИИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД СТУДИО И ОД ТЕРЕН** | |
| **НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА – ПРОЕКТ НА ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МРА** | |
| **СНИМАЊЕ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ -** | |
| **РАМАЗАН БАЈРАМ – 1 годишно – 120 минути** | |
| **КУРБАН БАЈРАМ – 1 годишно – 120 минути** | |
| **ДЕН НА АЛБАНСКОТО ЗНАМЕ – 1 годишно, 60 минути** | |
| **ДЕН НА АЛБАНСКАТА АЗБУКА – 1 годишно, 60 минути** | |
| **ФЕСТИВАЛ НА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА КОСОВО – 1 годишно, 180 минути** | |
| **ФЕСТИВАЛ НА АЛБАНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – 1 годишно, 180 минути** | |
| **ИЗБОР НА ПЕСНА ЗА ЕВРОВИЗИЈА – 1 годишно, 180 минути** | |

И други фестивали и свечени академии за кои Трет програмски сервис има програмски интерес за емитување.

**МАКЕДОНСКО РАДИО**

**ЧЕТВРТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Нема**

**Уредник на Културна Редакција – Суна Ќерим**

**Уредник на Редакција на Босански Јазик – Сабина Смајовиќ**

Програмата на помалите етнички заедници, која е интегрирана во Четвртиот програмски сервис на Македонското радио, ќе продолжи да ги задоволува потребите на етничките заедница во земјата. Во 2026 година, оваа програма ќе се фокусира на создавање содржини што одговараат на интересите на слушателите, согласно со законските обврски утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Програмата опфаќа широк спектар на теми, вклучувајќи информирање, политика, образование, култура, музика и забавни содржини.

Програмата ќе биде комплетно усогласена со законските прописи за медиумските услуги и за успешно реализирање на своите цели, ќе биде потребно ангажирање дополнителен персонал.

| | | |
|---|---|---|
| **ЧЕТВРТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МРА** | | |
| **ПРОГРАМА НА ТУРСКИ ЈАЗИК** | | |
| **ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА** | | |
| | **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈАТА** | **ОПИС** |
| 1 | **ВЕСТИ** | Во живо,сопствено производство |
| 2 | **ДНЕВНИК– АКТУЕЛНИ НАСТАНИ** | Презентирање на најновите вести од земјата и светот, како и изјави и прилози. Се продуцира во живо |
| 3 | **СЕДУМ ДЕНА ВО СОБРАНИЕ** | Фокусирање на најважните теми од работата на Собранието. |

| | | |
|---|---|---|
| **4** | **„ПОЛИТИЧКИ СМЕРНИЦИ„** | Во емисијата се обработуваат политичките збиднувања во земјата/ сопствено производство |
| **6** | **ОД СВЕТОТ НА ЕКОНОМИЈАТА** | Емисијата опфаќа теми од економијата и туризмот |
| **7** | **ОД СВЕТОТ НА ВЕРУВАЊЕТО** | Емисијата ги опфаќа религиозните теми, со акцент на теолошки размислувања и настани од религиозниот свет<br>Сопствено производство |
| **8** | **„ОТВОРЕН МИКРОФОН„** | Емисијата е дискусионен формат каде се обработуваат различни актуелни теми и се водат разговори со гости и експерти. |

| **КУЛТУРНО – ОБРАЗОВНА РЕДАКЦИЈА** | | |
|---|---|---|
| | **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈАТА** | **ОПИС** |
| **1** | **„ОБРАЗОВАНИЕ ВОСПИТУВАЊЕ И НАСТАВА„** | Емисијата се фокусира на актуелните теми од образовниот систем, како и на соработката на нашата земја со Република Турција. Се реализира со гости во студио |
| **2** | **„РАКА ЗА РАКА„ ДЕТСКА ЕМИСИЈА** | Детска емисија која се фокусира на разговори со деца од основно образование, обработувајќи различни интересни теми |
| **3** | **„ ПРИМЕРИ ОД КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО„** | Емисијата истражува примери на културно наследсто, како и важноста на зачувување на традицијата и културните вредности – сопствено производство. |
| **4** | **„НА ДЕНЕШЕН ДЕН ВО ИСТОРИЈАТА„** | Емисијата која нуди разглед на важни историски настани кои се случиле на денешен ден во различни времиња<br>Сопствено производство |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | **„ОДЕК ОД ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО„** | Емисијата ги обработува актуелните теми кои се однесуваат на невладините организации и нивната соработка со Р.Турција. |
| 6 | **„МЛАД МИКРОФОН„** | Во емисијата се опфаќаат актуелните теми поврзани со младите. Се реализира во живо со гости во студио. |

| **ЗАБАВНО МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА** | | |
|---|---|---|
| | **НАСЛОВ** | **ОПИС** |
| 1 | **„МУЗИКА И РАЗГОВОРИ„** | Емисија која комбинира музичка програма со интерактивни разговори на актуелни теми од светот на културата, уметноста и музиката. Во емисијата се истражуваат нови музички трендови, интервјуа со музички и културни личности. |
| 2 | **„ ХУМОР и САТИРА„** | Емисија која се занимава со хумористични и сатирични содржини, пренесувајќи ги на слушателите преку весели приказни, како и анализа на актуелни настани |
| 3 | **„СПОРТ, МУЗИКА,- СПОРТ„** | Емисијата е преглед на најважните спортски настани кај нас и во светот, директни преноси од наши клубови и репрезентации-<br>Сопствено производство |
| 4 | **„МУЗИЧКИ ЖЕЛБИ„** | Контактна емисија во живо, која дозволува слушателите да ги искажат своите музички желби.<br>Сопствено производство |
| 5 | **ФОЛКЛОРНА МУЗИКА** | Сопствено производство |
| 6 | **СЕРИОЗНА МУЗИКА** | Сопствено производство |
| 7 | **„ТОП 10„** | Контактна емисија во која се избира песна на неделата |

Во 2026-та година, програмската шема на Програмата на турски јазик во Република Северна Македонија ќе ги вклучува редовните и специјализираните содржини, кои ќе понудат разновидни активности за слушателите.

Во рамки на годишната програмска шема, се предвидува реализација на специјални емисии во живо со вклучување на гости и соговорници, за следниве настани:

- **13 март** – Одбележување на Денот на дипломирањето на Мустафа Кемал Ататурк во Битола
- **23 април** – Меѓународен ден на детето
- **4 – 7 мај** – Меѓународен пролетен фестивал „Хидирелез“ во Валандово, село Чалакли
- **19 мај** – Ден на младоста и Ден на Ататурк
- **Крајот на јули и почетокот на август** – Фестивал „Турците од Источна Македонија“ во Радовиш, село Топлоница
- **21 декември** – Ден на турската настава и образование во Република Северна Македонија, кој се одбележува на неколку локации низ државата, во текот на неколку денови

Оваа година, програмата ќе ја продолжи традицијата на прославување на верските празници, како што се Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам, кои се значајни моменти за заедницата.

Програмата на турски јазик исто така ќе ги покрие сите значајни настани кои се однесуваат на турската настава и образование во Републиката, како и на прославите на турските и македонските празници, со цел да се унапреди културната размена и заедничките традиции.

Преку овие програмски активности, Програмата на турски јазик ќе продолжи да игра важна улога во зачувување и промовирање на турската култура и традиција во Северна Македонија.

| **РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК** | | |
|---|---|---|
| | НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА | ОПИС |
| **1** | **ВЕСТИ и други содржини** | Сопствено производство |

| **РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК** | | |
|---|---|---|
| | НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА | ОПИС |
| **1** | **ВЕСТИ и други содржини** | Сопствено производство |

| **РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК** | | |
|---|---|---|
| | НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА | ОПИС |
| **1** | **ВЕСТИ и други содржини** | Сопствено производство |

| **РЕДАКЦИЈА НА  БОСАНСКИ  ЈАЗИК** | | |
|---|---|---|
| | НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА | ОПИС |
| **1** | **ВЕСТИ и други содржини** | Сопствено производство |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**

**РАДИО ПРОГРАМСКИ СЕРВИС ПРЕКУ САТЕЛИТ И ПОСЕБНИ РАДИО ПРОГРАМИ – РАДИО МАКЕДОНИЈА**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ЈОШКО БОШКОВСКИ**

**Радио програмски сервис – САТ на МРА - Радио Македонија:**

**Радио Македонија има три сегменти:**

**1.** Програма за соседните земји и Европа на странски јазици (англиски, бугарски, грчки, албански, српски). Оваа програма е информативно политичка со акцент на актуелните случувања во РМ, со прилози на различни теми кои ја афирмираат Македонија.

**2.** Програма за иселениците и граѓаните на РМ во соседните земји, во Европа и на другите континенти (дијаспора). Оваа програма со сопствена оригинална продукција има врвен приоритет да ги информира нашите иселеници. Основна мисија: Мост меѓу татковината и дијаспората, “Глас од татковината“.

**3.** Сателитската програма на Македонското радио. Се емитува 10,30 часа секој ден освен во недела.

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2026 година на Сателитскиот програмски сервис на Македонското радио во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА | ОПИС |
|---|---|
| **ПРОГРАМСКИ СЕРВИС РАДИО МАКЕДОНИЈА** | |
| **I- ПРОГРАМА ЗА СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ И ЕВРОПА НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ (БУГАРСКИ, ГРЧКИ, АЛБАНСКИ, СРПСКИ)** | |
| **1-ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА** | |
| **Вести**<br>30 минути-целогодишна динамика - емисија на бугарски јазик | Се емитуваат во<br>20.00 |
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика – емисија на грчки јазик | Се емитуваат во<br>20.30 |

| | |
|---|---|
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика – емисија на албански јазик | Се емитуваат во<br>21.00 |
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика  - емисија на српски јазик | Се емитуваат во<br>21.30 |
| **2- РЕДАКЦИЈА ГЛАС ОД ТАТКОВИНАТА** | |
| **Глас од татковината**<br>210 минути, целогодишна динамика | Емисија со соговорници на теми преку кои се афирмираат македонските вредности од сите области со вклучувања на слушатели од земјата и дијаспората. |
| **Глас од татковината**<br>се емитува во понеделник | Афирмација на музичките, религиозните и успесите на младите автори и научници. Најголемиот дел од разговорите се истражувачки во смисол на историските корени на музиката и религијата. |
| **Глас од татковината**<br>се емитува во вторник | Гостуваат луѓето од областа на театарот, туризмот и спортот покрај афирмацијата на актуелните успеси водителот има обврска да ги истражува историските корени на македонскиот театар, археолошките вредности на Македонија и историјата на спортот. |
| **Глас од татковината**<br>се емитува во среда | Ја истражуваме македонската литература каде што се покануваат успешни автори и научници да зборуваат за вредностите на македонскиот јазик и неговите корени. |
| **Глас од татковината**<br>се емитува во четврток | Презентирање на музичките вредности кај нас со нашиот истакнат инструменталист Стефче Стојковски |
| **Глас од татковината**<br>се емитува во петок | Викенд програма<br>Реемитување – избор на најзначајните програмски содржини од изминатата недела |
| **Глас од татковината**<br>се емитува во сабота | Викенд програма<br>Реемитување – избор на најзначајните програмски содржини од изминатата недела |
| **Радио Македонија**<br>Се емитува во недела | Викенд програма<br>Реемитување – избор на најзначајните програмски содржини од изминатата недела |
| **САТЕЛИТСКА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО** | |
| **Програма 14 часа и 30 минути**<br>целогодишна динамика | Избор на програми од сервисите на Македонското радио |

***МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА***

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
***www.mrt.com.mk***

---

# ПРЕДЛОГ - ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

## ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На територијата на РСМ, Македонската радио телевизија обезбедува програма преку пет ТВ програмски сервиси и тоа: еден ТВ програмски сервис на македонски јазик со дневно времетраење од 24 часа, еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на кој се емитува програма на албански јазик со дневно времетраење од 24 часа секој ден во неделата, како и на три нови телевизиски програмски сервиси - МТВ 3 – ТВ канал кој емитува забавно - музичка, културна, но пред се програма од областа на спортот наменета за гледачите љубители на спортот, преку откуп на ТВ права за емитување на сите позначајни спортски настани во земјата и светот карактеристични за тековната година, потоа МТВ 4 – ТВ канал кој емитува документарна програма и програма на етничките заедници во РСМ како и детски ТВ канал – Канал 5 кој акцентот на своето работење го става на најмладата популација и кој произведува, обработува и емитува едукативна, документарна, забавна програма и програма со содржина од најразлични области наменета за деца и млади, сите со дневно времетраење на програмата од 24 часа секој ден во неделата.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници со 24 часовно емитување секој ден во неделата, а во идниот период се планира и започнување со работа на нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ.

МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти

на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РСМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработи Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа за 2026 година со планирани активности за исполнување на програмските цели како и Финансиски план за 2026 година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи. Финансискиот план, како дел од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2025 година, е изработен врз база на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности и тековните потреби како и врз база на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини, инвестициони и останати набавки во рамки на тековното работење но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски.

Имено, кога станува збор за обезбедување на потребните финансиски средства, значајно е да се напомене дека по укинување на радиодифузната такса во 2017 година, финансирањето на радиодифузната дејност а со тоа и финансирањето на редовното работење на ЈРП МРТ е регулирано со Законот за ААВМУ а средствата се обезбедуваат од Буџетот на Државата. Но, во изминатиот период (2017-2023г) од страна на државните институции законските одредби во врска со финансирањето на МРТ не беа почитувани и наместо средствата утврдени со Закон, МРТ и останатите две институции беа финансирани со далеку пониски износи. Во овој контекст не може да се изостави и фактот дека тоа кратење на средствата за финансирање на радиодифузната дејност како и намалувањето на средствата за финансирање на постигнување на повисок степен на програмски и техничко техолошки развој од страна на државата имаше негативно влијание на тековното работење во МРТ, односно,

континуираниот недостиг на финансиски средства доведе до намалување на можноста за спроведување на сите поголеми планирани активности во врска со инвестирање во набавка на нова РА и ТВ опрема, реконструкција на студијата и работните простории, го одложи процесот на дигитализација на радиото а куќата се соочи и со недостиг на вработени и стручен кадар. Меѓутоа, усвојувањето на последните измени во Законот за ААВМУ (Сл.весник 154/23)

**- цитиран текст од изменет Закон за ААВМУ-**

Член 105

„став (1) Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија .

став (2) Средства од ставот 1 се распоредуваат на следниов начин:

- 80% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,
- 15% за ЈП Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 5% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. “

кои директно се однесуваат на измена на процентот и износот на финансирање на радиодифузна дејност и почитување на истите од страна на државата и надлежното министерство односно, со исплата на законски утврдените средства за финансирање на радиодифузна дејност, конечно се отвора можност за стабилизирање на финансиската состојба на куќата во идниот период, стабилизирање на нејзината ликвидност како и подобрување на тековното работење на МРТ а се во насока на збогатување и подобрување на програмата која се емитува на радио и ТВ каналите.

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2026 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузна дејност, се планираат во износ од 1.423.106.932 денари или 88.4% од вкупните планирани приходи. Како што и погоре беше кажано, пресметките за утврдување на висината на овој износ произлегуваат од последните измени во член 105 став 1 и 2 од Законот за ААВМУ (Службен весник на РСМ бр.154/23) каде е наведено дека за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ ќе се издвојат средства во износ од 1% од реализираните даночни приходи заклучно со последната усвоена Завршна сметка на РСМ, која во овој случај се однесува на 2024 година.

**Приход за финансирање на радиодифузна дејност по основ на Вонсудска спогодба**

Неисплатувањето на целиот износ на законски утврдените средства за финансирање на радиодифузна дејност во изминатиот период, односно нивното континуирано кратење имаше негативно влијае на работата на МРТ, на нејзината финансиска состојба и ликвидност. Оттука, по повеќе безуспешни обиди и писмени укажувања упатени до надлежните институции, во тековната 2024 година МРТ ангажираше овластени вешти лица кои извршија анализа и вештачење за неисплатените средства за 2023 година при што беше утврден износот кој државата и го должи на МРТ по основ на финансирање на радиодифузна дејност, а потоа од страна на ЈРП МРТ беше започнат судски спор против МИОА / Министерство за дигитална трансформација кој имаше за цел наплата на неисплатните средства кои на МРТ и следуваат согласно закон. Во текот на судската постапка, а со цел изнаоѓање на заедничко прифатливо решение и кратење на непродуктивни судски, адвокатски и трошоци за камати, произлезе можност за преговори од кои пак произлезе договор за склучување на

Вонсудска спогодба со Министерство за дигитална трансформација согласно која на ЈРП МРТ во идните четири години (2025-2028 год.) ќе и бидат исплатени заостанатите неисплатени средства за 2023 година во износ од 235.019.306 денари. Од нив, втората рата во износ од 51.673.102 денари треба да биде исплатена во Јануари 2026 година од која причина, овие средства се планираат во Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2026 година во делот на приходи.

**Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој**

Во изминатиот период согласно Законот за ААВМУ (член 106 став 7), ЈРП МРТ беше поддржувана од страна на државата и со финансиски средства за постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, средства кои во голем обем придонесуваа за непречено одвивање на сите активности во рамки на тековното работење. По овој основ се очекува остварување и во 2026 година, односно со Финансискиот план се планираат средства во износ од 47.000.000 денари.

Повторно, во овој контекст од големо значење е да се напомене дека државните институции конечно ги почитуваат одредбите од Законот за ААВМУ во врска со финансирањето на радиодифузната дејност и редовното работење на ЈРП МРТ и постапуваат по нив, што пак во позитивна смисла ќе влијае на тековното работење во МРТ, ќе го подобри истото, односно ќе создаде можност за стабилност и сигурност во работата на куќата.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламно време (маркетинг) односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, се планирани во висина од 55.000.000 денари или 3,4% од вкупните планирани приходи за 2026 година. Овие средства се планира да се реализираат од продажба на рекламен простор во рамки на емитување на нови програмски содржини во делот на копродукции, останати програмски права, спортска, филмска, документарна и друга програма која МРТ планира да ја направи достапна за своите гледачи во идната 2026

година преку сопствена продукција, копродукција и преку откуп на правата за емитување на програма од надворешни продуцентски куќи.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии за пренос на програма, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата) за 2026 година планирани се приходи во вкупен износ од 2.500.000 денари.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари.

**Останати деловни приходи**

Останатите деловни приходи се планира да се реализираат по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- приходи од наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2026 година се планираат во износ од 25.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 1,5%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои со Финансискиот план се планираат по основ на решавање на настанатите судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 500.000 денари.

**Приходи од донации, приходи од продажба на програма и реемтување во земјата и странство**

Приходите по основ на разни видови донации како и приходите од продажба на програма и реемитување во земјата и странство се планирани во износ од 2.719.966 денари.

**Вкупните** планирани приходи за 2026 година во износ од 1.610.000.000 денари по сите основи ќе бидат наменети за реализација на планираните програмски, инвестициони и други активности во тековната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата, а ќе се користат и за сервисирање на пренесените, неплатени обврски од претходни години.

Планираните активности за 2026 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик,
- Откуп на права за емитување на играна програма и ТВ серии, набавка на домашна и странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии, детска програма од најразлични жанрови, откуп на готови програмски содржини од најразлични области или пак заедничка продукција и копродукција на разни видови емисии и серијали,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации, светски или европски првенства во фудбал, ракомет, зимски, летни спортови, олимписки натпревари и слично,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радиопрограми наменети за соседните земји и Европа и радио програми наменети за информирање на иселениците во странство како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Во рамки на можностите, инвестиции во нова опрема и основни средства, тековно одржување на постојната опрема и одржување на РТВ студијата и другите деловни објекти на МРТ и слично.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2026 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕДЛОГ-ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2026 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Предлог - Планирани приходи за 2026 г. | Структура % (кол.2) |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Приход од Буџет на РСМ - МИОА, средства за финансирање на радиодифузна дејност | 1,423,106,932 | 88.4 |
| Приходи од Буџет на РСМ за постигнување на повисок степен на програмски и техничко -технолошки развој на ЈРП МРТ | 47,000,000 | 2.9 |
| Приходи по основ на финансирање на радиодифузна дејност - Вонсудска спогодба со Министерство за дигитална трансформација | 51,673,102 | 3.2 |
| Закупнини | 500,000 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 2,500,000 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 2,000,000 | 0.1 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања од минати години,отпишани обврски, приходи од минати години) | 25,000,000 | 1.6 |
| Приходи од наплата по основ на судски одлуки | 500,000 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 55,000,000 | 3.4 |
| Приход од донации, продажба на програма, останати услуги | 2,719,966 | 0.2 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1,610,000,000** | **100.00** |

**Б. ПЛАН НА РАСХОДИ**

Вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2026 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности во врска со создавање и емитување на програмата, се планираат во ист обем како и вкупните приходи, односно 1.610.000.000 денари. Најголемиот дел од овие средства се очекува да и бидат исплатени на ЈРП МРТ од страна на државата согласно измените во Законот за ААВМУ во делот на фнансирање на радиодифузна дејност и истите, дополнети со приходите кои МРТ би ги добила по останатите основи, се распоредени во делот на планирани расходи за 2026 година според реалните потреби за редовно работење.

**Планот на расходи за 2026 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

## Трошоци на вработените

Кај групата трошоци на вработените во 2026 година се планираат средства во вкупен износ од 677.702.200 денари. Во оваа група на трошоци се опфатени бруто платите на вработените, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство, помош при боледување подолго од 6 месеци, паричен надомест за последици од елементарни непогоди и други видови парични надоместоци), потоа трошоците за здравствени услуги, трошоците за пресметан регрес за годишен одмор, јубилејни награди, трошоци за едукација на вработените (обуки, посета на семинари, советувања) и слично. Бруто платата за 2026 година е усогласена со минималната плата во државата и е пресметана согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, согласно последните измени во Законот за работни односи, Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и врз основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично, за кои се планира сума во вкупен износ од 9.100.000 денари. Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службени патувања бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис за потребите, пред се, на информативните програми, ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани во земјата и странство кои се од јавен карактер како на пример сите поважни културни, музички, спортски и научни случувања и манифестации.

## Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци е планирана во вкупен износ од 200.360.000 денари. Оваа група ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Во оваа група на трошоци во 2026 година ќе бидат опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и објектите во МРТ и истата има вкупен планиран износ од 3.650.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Вкупниот планиран износ во оваа група на трошоци е 1.500.000 денари и во неа спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, материјал за возен парк, заштитна облека и обувки и ХТЗ опрема.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и за нив се планирани вкупно 49.500.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци се планира на износ од 1.500.000 денари. Согласно законските измени, односно според Уредбата за номенклатура на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија (сл.весник 277/19), оваа група ги опфаќа набавките на материјални и нематеријални средства со поединечен трошок за набавка до 500 евра во денарска противвредност според кои наместо во основни средства сметководствено треба да се евидентираат во ситен инвентар.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која е планирана во вкупен износ од 6.900.000 денари, а се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет и поштарина како и трошоци за аудио и видео линии кои се неопходни за пренос на програмата, особено при емитување на настани од областа на спортот.

***Услуги за одржување и заштита***

Оваа група ги опфаќа трошоците за агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти, одржување на GPS уреди, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и слично. Истата е планирана во вкупен износ од 23.350.000 денари.

***Комунални услуги***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила и истата е планирана во вкупен износ од 5.030.000 денари.

***Останати услуги од работењето***

Во оваа група на трошоци за 2026 година планирани се средства во вкупен износ од 1.500.000 денари во рамки на кои опфатени се услуги за регистрација на возила,

објава на огласи и конкурси, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

Планираните средства за амортизација за 2026 година изнесуваат 40.000.000 денари. Овој износ опфаќа планирана амортизација на опремата која е набавена во рамки на редовните инвестициони активности, како и амортизација на опремата која би се набавила и ставила во употреба во текот на 2026 година.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите, ревалоризација на обврските и слично во 2026 година планирани се вкупно 200.000 денари.

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2026 година се планирани вкупно 950.000 денари.

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица во МРТ во 2026 година изнесуваат 2.500.000 денари;

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ќе ги извршува во 2026 година заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваат вкупно 650.000 денари.

***Останати трошоци***

Во оваа група спаѓаат трошоците за спроведување на ИСО стандарди, трошоците за користење на услуги за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоците за стручна литература и списанија се планираат во вкупен износ од 450.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2026 година е планирана во вкупен износ од 10.000.000 денари;

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен озност од 11.200.000 денари а ги опфаќа трошоците за даноци (задржан данок и сл.), данок на приход за исплати во странство при откуп на програма, особено спортска и тоа во планиран износ од 11.000.000 денари, како и трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2026 година се планирани во износ од 200.000 денари;

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци со Финансиски план за 2026 година планирани се вкупно 100.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години се планирани во висина од 2.000.000 денари и истите се однесуваат на трошоци за задоцнето фактурирање по разни основи кои биле планирани во преходните години од работење на МРТ но, во тој период, за истите не се доставени фактури (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).

***Камати од работење и затезни камати***

Каматите од редовното работење и затезните камати се планирани во висина од 7.000.000 денари, а во оваа група на трошоци во ставката Камати за задоцнето плаќање се планира и износ од 27.500.000 денари, средства кои треба да му се исплатат на Министерството за финансии за Париски и Лондонски клуб на доверители.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема, за 2026 година се планирани во вкупен износ од 4.000.000 денари.

***Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра***

Оваа група на трошоци ги опфаќа набавките на стоки и услуги надвор од планот за јавни набавки а кои во вкупен износ на месечно ниво не го надминуваат износот од 1.000 евра во денарска противвредност или вкупно 880.000 денари на годишно ниво.

## Програмски права

Оваа категорија се однесува на трошоци планирани за реализизација во врска со откуп на права за емитување на играна филмска, анимирана детска и документарна програма, останати програмски права – откуп на програма од најразлични жанрови и области (образовни емисии, забавни емисии, детска програма, квизови), надомест за учество на јуниорски Евросонг, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот како европски првенства во ракомет и фудбал, водени спортови, атлетика или ЛОИ 2026 година, потоа откуп на програма од независни продуценти, трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина за повозрасните како и продукција и копродукција на најразновидни емисии и серијали за најмладата популација. Во насока на збогатување на понудата на програма која ќе се емитува на сите Програмски сервиси во 2026 година вкупниот планиран износ на трошоци кај оваа група на изнесува 519.683.800 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 83.154.000 денари и во неа спаѓаат следните видови трошоци:

***Наемнини***

Планираниот износ на трошоци за наем на опрема и недвижности за кои би произлегла потреба во текот на работењето на МРТ за 2026 година изнесува 400.000 денари.

***<u>Други трошоци од работење</u>***

За оваа група на трошоци во 2026 година се планирани вкупно 35.700.000 денари и истите се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, трошоци за извршување, услуги за вештачење, интелектуални услуги, технички услуги,
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција, како и услуги од агенции за привремени вработувања во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на редовните работни задачи,
- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Јуниорски евросонг 2026 година, како и трошоци поврзани со емитување на Евросонг 2026 година кои би произлегле доколку МРТ го пренесува фестивалот дури и ако РСМ не учествува со свој претставник.

***<u>Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги</u>***

Со Финансиски план за 2026 година оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 46.950.000 денари опфаќа годишни членарини на МРТ кон ЕБУ, ЕРНО; ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП, трошоци кон Агенција за филм согласно Законот за филмска дејност и останати трошоци од работење.

***<u>Материјали и услуги за дигитализација</u>***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2026 година планирани се средства во вкупен износ од 104.000 денари.

## Инвестиции

За набавка на опрема и други инвестиции во текот на 2026 година се планирани вкупно 120.000.000 денари кои се планира да бидат наменети за одржување на постоечката и набавка на нова опрема потребна за непречено одвивање на тековното работење на МРТ како и за реконструкции и одржување на работните простории и студијата во МРТ.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2026 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕДЛОГ- ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ЗА 2026 ГОДИНА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Предлог - Финансиски план на трошоци за 2026г |
|---|---|
| 1 | 2 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | |
| Бруто плати за вработените | 650,000,000 |
| Регрес за годишен одмор | 18,000,000 |
| Отпремнина за одење во пензија | 3,252,200 |
| Други лични примања (помош на вработени, останати надоместоци на вработени,помош во случај на вработен или член на семејство и слично) | 2,500,000 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 3,000,000 |
| Трошоци за здравствени услуги | 650,000 |
| Трошоци за едукација | 300,000 |
| **Вкупно 1 - Трошоци за вработените** | **677,702,200** |
| ***2)Патни трошоци*** | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 2,200,000 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 3,600,000 |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во земјата | 100,000 |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во странство | 2,500,000 |
| Сопствено возило за службени потреби | 300,000 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 250,000 |
| **Вкупно 2** | **8,950,000** |
| ***3)Транспортни услуги*** | |
| Авто такси - услуги за такси превоз на вработени | 150,000 |
| **Вкупно 3** | **150,000** |
| **Вкупно патни и транспортни услуги** | **9,100,000** |
| ***Заеднички трошоци*** | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | |
| Електричен материјал | 1,400,000 |
| Технички материјал | 1,400,000 |
| Сценографски материјали, реквизита и слично | 550,000 |
| Материјал за поправка и одржување | 300,000 |
| **Вкупно 4** | **3,650,000** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | |
| Канцелариски материјал | 1,000,000 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 250,000 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 250,000 |
| **Вкупно 5** | **1,500,000** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Предлог - Финансиски план на трошоци за 2026г |
|---|---|
| 1 | 2 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | |
| Трошоци за електрична енергија | 30,000,000 |
| Трошоци за топлотна енергија | 17,000,000 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 2,500,000 |
| **Вкупно 6** | **49,500,000** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | |
| Ситен инвентар и автогуми | 1,500,000 |
| **Вкупно 7** | **1,500,000** |
| ***8)Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | |
| Телефонски трошоци-фиксни | 600,000 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 2,000,000 |
| Трошоци за интернет услуги | 1,000,000 |
| Поштарина | 300,000 |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 3,000,000 |
| **Вкупно 8** | **6,900,000** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите во МРТ | 5,200,000 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 6,800,000 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 3,300,000 |
| Одржување на возила | 2,500,000 |
| Одржување на GPS уреди | 150,000 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 1,000,000 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 4,400,000 |
| **Вкупно 9** | **23,350,000** |
| ***10)Комунални услуги*** | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 30,000 |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 500,000 |
| Трошоци за ѓубретарина | 1,000,000 |
| Трошоци за вода | 3,500,000 |
| **Вкупно 10** | **5,030,000** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | |
| Заверка на пасоши,визи и друго | 100,000 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 450,000 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 400,000 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 150,000 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 350,000 |
| Трошоци за фотокопирање | 50,000 |
| **Вкупно 11** | **1,500,000** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | |
| Амортизација на основни средства | 40,000,000 |
| **Вкупно 12** | **40,000,000** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување на средствата) и траен отпис*** | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 200,000 |
| **Вкупно 13** | **200,000** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 150,000 |
| Трошоци за репрезентација | 800,000 |
| **Вкупно 14** | **950,000** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Предлог - Финансиски план на трошоци за 2026г |
|---|---|
| 1 | 2 |
| ***15)Премии за осигурување*** | |
| Премии за осигурување | 2,500,000 |
| **Вкупно 15** | **2,500,000** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | |
| Такси за истакнување фирма | 10,000 |
| Банкарски услуги | 640,000 |
| **Вкупно 16** | **650,000** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 150,000 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и друго | 150,000 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 150,000 |
| **Вкупно 17** | **450,000** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ*** | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 10,000,000 |
| **Вкупно 18** | **10,000,000** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | |
| Даноци | 11,000,000 |
| Судски трошоци и административни такси | 200,000 |
| **Вкупно 19** | **11,200,000** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 100,000 |
| **Вкупно 20** | **100,000** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 2,000,000 |
| **Вкупно 21** | **2,000,000** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | |
| Камати од работење и затезни камати | 7,000,000 |
| Камати од неплатени јавни давачки | 27,500,000 |
| **Вкупно 22** | **34,500,000** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | |
| Негативни курсни разлики | 4,000,000 |
| **Вкупно 23** | **4,000,000** |
| ***24) Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра*** | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра | 880,000 |
| **Вкупно 24** | **880,000** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **200,360,000** |
| ***25)Програмски права*** | |
| Права за филмови | 60,000,000 |
| Останати програмски права | 79,083,800 |
| Трошоци за фестивали, надомест за јуниорски евросонг и сл. | 600,000 |
| Права за спортски настани | 130,000,000 |
| Копродукциски проекти | 250,000,000 |
| **Вкупно 25 - Програмски права** | **519,683,800** |
| **Останати трошоци од работење** | |
| ***26)Наемнини*** | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 400,000 |
| **Вкупно 26** | **400,000** |

| **ВИДОВИ ТРОШОЦИ** | **Предлог - Финансиски план на трошоци за 2026г** |
|---|---|
| **1** | **2** |
| ***27) Други трошоци од работење*** | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 1,000,000 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 |
| Услуги за вештачење | 150,000 |
| Технички услуги | 1,000,000 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти, елаборати и сл.) | 300,000 |
| Агенциски услуги во земјата и странство - информативни | 50,000 |
| Авторски договори, договори преку авторска агенција | 30,000,000 |
| Трошоци за следење на Евросонг и тршоци за проект Јуниорски Евросонг | 2,000,000 |
| Трошоци за судски извршители | 200,000 |
| **Вкупно 27** | **35,700,000** |
| ***28)Членарини, котизации,такси, ЗАМП, останати услуги*** | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 17,500,000 |
| Котизации и акредитации | 300,000 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 22,500,000 |
| Надомст за Агенција за филм согласно закон за филмска дејност | 6,650,000 |
| **Вкупно 28** | **46,950,000** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 104,000 |
| **Вкупно 29** | **104,000** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **83,154,000** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,490,000,000** |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 120,000,000 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **120,000,000** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,610,000,000** |

Скопје, Септември 2025 година